## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Сто триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 03 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 134-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов-Ѕинго, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Благој Голомеов, Али Ахмети, Фазли Велиу, Семијал Хасани, Мендух Тачи, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели и Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за задолжување на акционерското друштво за производство на електрична енергија, електрани на Македонија во државна сопственост - Скопје кај "Кредитната банка за обнова" од Франфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" ГмбХ од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон.**

На последната седница ја започнавме расправата по оваа точка.

Дали некој бара збор?

(Никој)

Значи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Бидејќи има 43 картички подигнато, колку сме присутни во зградава, давам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост - Скопје, кај "Кредитната банка за обнова" од Франфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брон Гнеотино од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" ГмбХ од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 48 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема против.

Изгледа има некоја грешка во пресметките, па ве молам, уште еднаш да биде избројан бројот на присутните пратеници.

Гласањето е невалидно, бидејќи присутни се само 54 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега сме веќе 61 пратеник.

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 59 гласале, 55 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 55 гласале, 54 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници од Министерството за финансии, господине Лазаров,

Еве, пред нас го имаме Законот кој што, морам да кажам, доаѓаме од расправата на седницата на Комисијата за финансирање и буџет, каде што претходниот пат се побараа дополнителни информации. Комисијата ги разгледа дополнителните прашања кои што беа доставени до претставниците на ЕЛЕМ и до Министерството за финансии за поодделни ситуации добивме одговор, а за некои можеби, еве имаше задолжување до претставниците на ЕЛЕМ, конечните бројки од ова што значи кредит да бидат доставени до јавноста. Така целиот процес треба да биде крајно транспарентен.

Јас излегов на говорницава само за кратко за да можам да го кажам она што го говорам тука 4 години, така што мислам дека имаме ситуација за која што не утре, туку можеби пред две, три години, можеше овој кредит да биде одобрен и сега да имаме машини кои што ќе работеа во Брод Гнеотино и ќе имавме ситуација да кажеме дека го очекуваме јагленот за година или две.

Во оваа ситуација во која што ја доведовме Република Македонија, мислам дека апсолутно без разлика како сме донесени и што сме донесени, овој кредит мора да биде одобрен, мора да биде усвоен, затоа што без рудникот Брод Гнеотино и во комплетната стратегија за

развој на енергетскиот систем во Република Македонија, ние веќе сме длабоко во бонус и тука ќе имаме многу критична ситуација која што треба да ја очекуваме за некаде 4 или 5 години. Се надевам дека раководството на ЕЛЕМ ќе смогне сили во овие неколку години да го отвори овој рудник и да дојдеме во ситуација, барем она што значи еден или два блока од РЕК Битола и понатаму да дава енергија, затоа што испаѓањето на еден блок во оваа ситуација како што се наоѓаме сега, резервите кои што ги има рудникот Суводол, можат да не доведат во ситуација 1400 мв саати кои што сега не ги увезуваме, со овие 2600 веше бројката да дојде до 4000, кои што ако ги помножите со 6 центи доаѓаме во ситуација од 240 милиони евра во годината. Тука се работи за 20 милиони, се работи за опрема, која што само ќе ја започне работата во Брод Гнеотино. Значи, тука сметаме на вториот систем од рудникот Суводол кој што мора да ја продолжи работата во Брод Гнеотино и на крајот треба уште еден јагленов систем. Значи, се работи за ситуација каде што има многу работа, за разлика од она што го кажа минатиот премиер, господинот Хари Костов при отворањето на работењето на Брод Гнеотино, гледаме дека тоа е еден долготраен процес. Всушност, се работи за еден сложен систем во смисла дека она што ќе го копаме, јагленот е многу во понеповолна ситуација за разлика од рудникот Суводол, што значи ќе имаме експлоатација многу потешка. Но, еве на денешната седница имаме уште два закони кои што ја танкираат енергетиката и мораме да направиме стратегија и да кажеме дека јагленот е основната суровина што Република Македонија ја има и ние мораме тоа да го експлоатираме. Затоа што, стануваме се повеќе зависни во однос на енергетиката, а други извори ние немаме. Значи, можеме да бидеме, како што кажуваме, на гасовод или утре да имаме мазут, но сите тие зависат само од една славина, која што во дадениот момент може да биде исклучена и Република Македонија да остане надвор од систем и со тоа да не може ништо односно не може да увезе електрична енергија и покрај тоа што ќе ги имаме средствата, се ќе биде забрането.

Овој договор, кој што стигна деновиве до пратениците, за да се склучи истиот е работено повеќе од една ипол година. Сега, јас со Министерството за финансии, со господинот министер Поповски, неколку пати разговаравме и мислам дека ако ја продолжи таа политика, тогаш мракот е многу реален и затоа за ова не требаше апсолутно ништо да се разговара. Уште кога го доби од Електрани на Македонија, значи на 24.12 тука да завршеше приказната и тој да беше доставен до пратениците, мислам дека сега ќе бевме сите во порелаксирана состојба. Но, еве сега предизборни денови се и секој сака да кажува и тоа што го знае и тоа што не го знае, па мислам дека дискусиите се водат можеби некогаш и во погрешна насока, но во секој случај мораме да кажеме дека неопходноста ги покрива сите останати недостатоци.

Се јавуваат неколку проблеми. Она што пратениците сакаат да го постават и со она со што сакам да ја запознам јавноста, во однос на билансите на АД ЕЛЕМ. Се говореше за условите дека каматата била висока и дека другите трошоци за обезбедување провизија заангажирани и неповлечени средства, зошто е задолжувањето во Германија и т.н. Јас морам да кажам од она што го знам, а го знам добро, значи, постојат три производители и за жал или за среќа сите се во Германија, а тие машини ги имаме и во рудникот Суводол, ќе ги имаме и во Брод Гнеотино. Значи, тоа е МАН Такраф, тоа е Круп и тоа е ФАМ, трите гиганти кои што ги работат сите овие машини и тука нема некое поголемо објаснување, што значи дека тоа е основното.

За мене постоеја две дилеми, а тоа се девизните средства добиени од продажбата, кои што не се користат за ваква инвестиција, што значи немаме државна гаранција за еден ваков проект, кој мислам дека е многу поважен, отколку што е хидроцентралата Света Петка и тука нема дилема кај мене, а нема дилема ни кај сите оние што се во енергетскиот сектор, затоа што ова е неопходно, ова носи енергија и ова понатаму ќе се развива. Значи, тука имаше голем проблем, а истото го говоревме кога се потпиша договорот од 45 милиони евра од ЕБОР за предприватизација или подготвување на Електростопанство за претприватизација од тие средства ништо не заврши токму за вакви проекти, кои сега ќе овозможеа да бидат и господата од ЕЛЕМ порелаксирани и многу понапреднат процесот за отворање на рудникот.

Понатаму, беа поставувани прашања, дали е распишан меѓународен тендер и добивме објаснување дека тој траел повеќе од една година до одлуката. Податоци за рудникот, значи колку има јаглен, колку години експлоатација, каква е корист за граѓаните, колкав е профитот и уште многу други прашања, на кои што одговорите, барем јас ги знаев многу порано, а ги слушнавме сите на комисија. Се работи за 35 милиони тони експлоатабилен јаглен кој што понатаму има уште 15 до 20 милиони тони кои што со подземна експлоатација ќе бидат искористени. Тоа е веќе предуслов за работа и на рудникот Живојно, кој што мора да биде вклучен во целиот овој систем за искористување на јагленовото богатство. Тие 35 милиони тони ќе донесат или имаат вредност од некаде 490 милиони евра во овој момент со 14 тони од евро. Тоа е цената на овој рудник. Отворањето би коштало некаде околу 130 милиони евра вкупно, а ова е само еден дел од овие машини кои што ќе бидат вклучени за површинското копање и отворањето на површинскиот коп. Најголемите причини зошто би дошол мрак и зошто во овој момент мора да се инвестира во оваа ситуација, е токму пазарот на електрична енергија. Пазарот на електрична енергија оваа година, значи говориме за 2006 година, веќе 2007 имаме

обезбедено само 40% до месец март и тоа ќе биде страшно за Република Македонија. Значи, таа тензија која што ќе ја чувствуваат господата во Електрани на Македонија, за што оваа ситуација, ова што го говориме без изградбата на далеководот Штип-Червена Могила апсолутно не ќе имаме можност ни да увеземе толку енергија и откако ќе го направиме тоа, ако испаднат блоковите во Битола, како што гледам некој не покажува некој поголем интерес, тогаш ќе имаме ситуација на увоз на 9000 гигават саати или 9 милијарди киловат саати електрична енергија, што теоретски е невозможно, технички е невозможно.

Македонија, сакала или не, во моментов увезува 40%, без тие 80% што ги произведува во моментот термоцентралите РЕК Битола ќе дојдеме во безнадежна ситуација за било каков развој, за било каква инвестиција и за било кој да вложи во оваа Република Македонија, она што го гледаме сите, отворање на работни места и понатамошна работа во енергетскиот сектор на Република Македонија. Мислам дека сето тоа го прави неопходно донесувањето на овој кредит, затоа што почетокот на работата на Брод Гнеотино со нетрпение се очекува во рудник Суводол, затоа што е предвидено тие 2 милиони тони кои што ќе се копаат во текот на една година, да бидат оние кои што ќе надополнуваат работа на еден блок од термоелектраните. Сето тоа можеме да го постигнеме, доколку сега и веднаш се започне со работа на Брод Гнеотино. Ако ние имаме доцнење и ако подинските слоеви што побрзо да се стапи во експлоатација нивна, ќе дојдеме во ситуација некаде 2010 или 2011 година, кои сега можеби изгледаат многу далеку, но се многу блиску, а видовте сами како поминаа овие 4 години, ќе дојдеме во ситауција на мрак. Значи, мракот не сум го предвидел јас и не би сакал никогаш да го предвидам, но затоа треба сите заедно да работиме на донесување на закони кои што ќе бидат во интерес на енергетскиот сектор, во интерес на Република Македонија и што ќе значат развој за државата.

Затоа, јас лично и нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон за кредитирање. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Мавровски.

Следниот за збор се јави господинот Крстевски.

Повелете.

**Зоран Крстевски:** Благодарам претседателе.

Овој закон што денес го разгледуваме со задолжување на Акционерското друштво Јавното претпријатие ЕЛЕМ, всушност, е во корелација со Законот за јавен долг, според кој Собранието сега расправа и за задолжување на претпријатијата кои се во државна сопственост, иако за тоа не се дава државна гаранција.

Тоа е како принцип. В ред, за да се знае за какви задолжувања вкупни во државата станува збор, но бидејќи овде се работи за купување на машини, кои треба да отворат еден рудник, треба да разграничиме дека оправданоста за отварањето на рудникот и за купување на опрема не е предмет на овој закон и може само како проформа да кажеме дека таквата инвестиција треба да се поддржи. Она за што овде расправаме се условите под кој овој заем, ова претпријатие ги зема и тука како што велиме за површински коп и тука на површината излегуваат многу системски прашања, кои остануваат без одговор.

Првото прашање кое останува нејасно, како може пратениците да донесат една компетентна одлука за задолжување на претпријатие, без разлика што е тоа во државна сопственост, ако ги немаат пред себе финансиските ефекти од работењето на тоа претпријатие, билансите на успех и оправданоста на инвестицијата која ја даваат. Симптоматично е што овој тендер е објавен 2004 година, а сега сме мај 2006 година, колку е тоа време, за да едно вакво јако претпријатие не може 14-на милиони евра да ги обезбеди од домашните банки, или пак зошто државата, односно Владата водеше постапка за трансформација на електро системот на Република Македонија, не направи концепт од средставата од продажбата на електро дистрибуција дел од средствата да ги даде за развој за производството на електрична енергија, како еден од предусловите да се задржи континуитетот на производство и да се намали увозната зависност од електрична енегрија.

Овој закон покажува една апсурдност, која само Македонецот може да ја плати, а таа се однесува на ова. Продажбата на електро дистрибуција, за која се фалиме дека сме обезбедиле доволно сретства, 270 милиони евра ќе одат во државните резерви и преку Народната банка ќе завршат во некоја од банките во Германија, како што обично се случува. Ќе бидат орочени и за нив ќе се земе камата сигурно не повеќе од 1,5%. За овој кредит, за кој исто парите ги земаме од Германија, ние ќе платиме на 14 милиони евра, за десет години, колку е враќањето на кредитот, ќе платиме околу 9 милиони евра. Што значи, со сите оправдувања што ќе ги кажеме и ограничувања што ги имаме, ние со парите што ќе ги дадеме во Германија и што ќе ги орочиме, сами себе ќе се кредитираме и на Германците ќе им вратиме многу повеќе.

Значи, немањето на концепт за развој на енергетскиот систем во Македонија, деведува до еден ваков апсурд, со кој се покажува дека нашите домашни банки ниту преку конзорциум, ниту некоја од нив поединечно не е способна да кредитира 14 милиони евра. Тоа е еден апсурд кои сите треба да не загрижува и само покажува дека неспособноста на Владата, овој проблем да го согледа на време, доведува до ова, ние во еден цајтнут, со една политичка предигра во изборна активност, водиме ваква политика со која поголемо задолжување даваме на државата од тоа што може. На страна што ние ги немаме информациите што би значеле дали јавното претпријатие како субјект за овие година ипол дена не обезбедило одредена акумулација, одреден профит, со кој можел авансно да плати

дел од опремата 30, 40, па можеби и 50%, да спасат барем 50% од услугите под кои екстра даваме, било да се работи за Хермесовата гаранција, било да се работи за ануитетот на банката.

Трето, ние овде како пратеници ја немаме точната информација што значи задолжувањето и гаранцијата што домашните две-три банки овде ја даваат со кредитот. Дали е тој еден посто, или два посто, ќе добиеме објаснување дека тоа зависи од кредитниот рејтинг на секоја банкак поединачно. Меѓутоа, како и да е, и Комерцијална банка и Стопанска банка и Тутунска банка, за давање на тие еден или два посто, ќе побараат одредена хипотека, или пак некој друг начин на обезбедување, кој мора ние да го знаеме, пред да донесеме одлука.

Така што денеска ние пратениците сме само во форма на жиранти и тоа жиранти без покритие. Ние имавме случај еден цел град, Охрид да биде заложник на водење на лоша политика. Ние овде како пратеници не можеме да одлучуваме за деловни одлуки на претпријатија, ако пред тоа ги немаме релевантните информации за структурарта на кредитот, за начинот на отплатата, за кредитната способност на претпријатието итн. Сега зборуваме за вакво претпријатие, меѓутоа, утре ќе дојде Железница на ред, ќе дојде некое друго претпријатие, со тоа мислам дека ние ќе станеме политичко покритие, за нешто што системски добро не сме го осмислиле. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски повелете.

**Јанаќе Витановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, предлогот за донесување на закон, со Предлог закон за задолжување на АД за производство на елелтрична енергија, Електрани на Македонија во државна сопственост со "Кредитна банка за обнова" од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен во Брод Гнеотино од фирмата "МАН Такраф Фердертехник" ГмбХ од Лајбциг СР Германија, со Предлог на закон, за мене и за сите нас е од голема важност и огромно значење за Република Македонија и сметам дека овој закон е од државен интерес.

Не треба да размислуваме многу околу носењето на овој закон, ние како пратеници, како што овде зборуваше и колегата дека финансиски не биле условите добри, сметам дека овој закон треба да го донесеме, бидејќи е од државен интерес. Бидејќи сегашните резерви на рудникот Суви дол се при крај, и како што се информациите од лицата кои што се надлежни за таа работа, рудникот Суво дол има јаглен уште за пет години. Без нови наоѓалишта на јаглен електраната РЕК Битола ќе згасне и Македонија, како што рече Спиро ќе може да се најде за пет години во мрак.

Исто така, без нови наоѓалишта на јаглен, РЕК Битола нема да работи, а тоа ќе знаеме дека ако не работи РЕК Битола, прво градот Битола ќе биде во неизвесна положба и ќе може да згасне. А да не зборуваме за вработување. Илјадници лица ќе останат без работа.

Доколку не го донесеме овој закон, тоа ќе значи дека РЕК Битола кој произведува со трите блока 225 мега бајти, ќе престане со работа и на тој начин ќе имаме недостаток на електричлна енергија во Република Македонија. Тогаш Република Македонија треба да ја увезува електричната енергија, а знаеме дека тоа е поскапо од ова.

Од друга стана, таа енергија што ќе ни биде нас како Република Македонија помалку, немаме ниту теоретска можност да се транспортира до Македонија. Пред се, немаме такви далноводи за таа енегрија да се увезе и треба да се градат нови далноводи. Моменталната состојба во Република Македонија знаеме дека и сега увезуваме енергија од 30-40% и сега ако ја згаснеме и РЕК Битола, тогаш навистина Република Македонија како што вели господинот Спиро Мавровски, може за пет години да биде во мрак. Без домашен извор на електрична енергија, ќе имаме тотална зависност од увезената енергија, која ќе биде поскапа од домашната, а со тоа ќе се измести животот во Република Македонија и граѓаните и сите други ќе плаќаат многу поскапа струја. Затоа треба да се донесе овој закон со кој ќе се отвори површинскиот рудник на јаглен Брод Гнеотино, кој што има геолошки резерви од 35 милиони тони јаглен, со кој ќе се снабдува РЕК Битола и ќе работи и наредните пет години, со тоа ќе го решиме проблемот со електрична енергија наредните 25 години.

Од друга страна, нема да се испуштаат работници од РЕК Битола, туку ќе се отворат нови работни места.

Законот кој што е пред нас е краток и јасен и содржи само 6 члена и овој е прв ваков закон со кој некој субјект се задолжува кај странски заемодавач без издавање државна гаранција, што е со согласност со членот 25 став 4 од Законот за јавен долг. Значи, се носи посебен закон со кој субјектот АД Елем, може да склучи договор за заем, во кој државата не е гарант пред странскиот заемодавач. Во овој случај гарант се Комерцијална и Тутнска банка. Заемот е во износ од 16 милиони и 300 илјади евра, а се задолжува АД Елем од Скопје, кај Кредитната банка за обнова од Франкфурт. Заемот е наменет за набавка на опрема за површински коп на јаглен Брод Гнеотино за потребите на РЕК Битола од МАН Такраф Фердертехник од Германија.

Многу се дискутираше и на претходната Комисија за финансии и Буџет со колегите, околу условите за земање на заемот.

Јас само ќе напомнам некои кои се побитни и ќе дадам свој коментар. Заемот се користи со камата од 4,57% годишно, период на отплата е 11 години, грејс период е 1 година и 6 месеци, казнена камата 2% годишно, провизија за ангажирани и неповлечени средства 0,25%

годишно и едно кратна провизија за управување со заемот од 1%. Ќе бидат вклучени посебни договори со КФ банка  и АД Елем. Исто така, ќе бидат вклучени договори помеѓу АД Елем со Комерцијална и Тутунска банка, со што ќе се уредат нивните меѓусебни односи за издадените гаранции. Со тоа, Комерцијална банка дава гаранција за 14 милиони и 400 илјади евра, а Тутунска банка за 5 милиони и 500 илјади евра. Значи, за ова задолжување на АД Елем нема да биде издадена државна гаранција, туку гаранцијата е издадена од Комерцијална и Тутунска банка. На овој начин Владата нема ризик од евентуални обврски и сервисирањето на обврските паѓаат на товар на АД Елем. Ова задолжување сега се третира како јавен долг според законот, но со приватизацијата според мене, ќе биде приватен долг.

Во однос на каматата за која најмногу се дискутираше која е 4,57% годишно, за мене е многу битен елемент и тоа што ова е фиксна камата, со што се елеминира потенцијалниот иден ризик. И оваа камата е подобра од било која друга камата. Сметма дека ова е најповолната што може да се постигне во овој момент, како на каматата, така и на останататите услови на заемот, за што давам целосна подршка.

Без оглед на се, законот треба да го донесеме и јас давам целосна подршка и ќе гласам за неговото донесување, а со цел на отворање на рудиникот Брод Гнеотино, бидејќи тоа е државен интерес, кој ќе овозможи работа на РЕК Битола во наредните 25 години и на тој начин ќе овозможи Република Македонија да има домашна електрична енергија и ќе се избегната негативните последици од увоз на електрична енергија.

Од името на пратеничката група на СДСМ ве известувам дека ние ќе гласаме за овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Елем, господине директоре, почитувани колеги, на почетокот би сакал да искажам една констатација, која што во претходините неколку дискусии имаше тенденција од овие драматични размери, дека ќе снема струја, ќе престане да работи РЕК Битола итн. Мислам дека околу потребата од набавка на опрема од фирамта МАН Такраф на меѓународен тендер, за отворање на новиот коп Брод Гнеотино, е неспорно. Тука мислам дека треба да ги завршиме сите дискусии и без дополнителни драматизирања дека не треба да се набави таа опрема и дека тоа ќе значи немање на струја, намалување на производството итн. Значи, нема потреба од тоа, бидејќи тоа е неспорно и околу тоа сите се согласуваме и уште на првата седница на Комисијата за финансирање и Буџет, сите се согласивме околу потребата за набавка на таа опрема. Дури потребно е таа да се реализира што е можно побрзо и дури и досега требало да се реализира. Во тој дел да бидеме чисти и јасни за да нема непотребни драматизирања на ситуацијата. Останатата дискусија која се водеше на Комисијата и која што и денес по втор пат заседаваше Комисијата се условите. Се чини дека од законот и договорот кој што ни е доставен за задолжување на Елем, се чини дека е избрана прилично скапа варијанта за набавка на опремата.

Имено, иако на прв поглед каматната стапка од 4,57%годишно е прифатлива, кога на неа ќе се додадат и провизиите, а особено осигурувањето и плус на тоа гаранциите на домашните банки, вкупниот трошок годишен на овој кредит ќе достигне околу 8%, што е ниво на каматна стапка или на трошок, кој што и домашните банки можат да го поднесат, односно со оваа каматна стапка се одобруваат дури и обични станбени кредити во Република Македонија. Друго е дали нашите банки имаат капацитет за толкава сума и жално е навистина, ако сите заедно или само две од нив можат да обезбедат, или немаат капацитет да го следат Елем во овој важен капацитет, а имаат капацитет да издаваат гаранции за кои што наплатуваат 2% провизија неповратна. Значи, она што е забелешка е дека навистина треба да се набави оваа опрема и што побрзо да се отпочне со отворање, односно со новиот коп Гнеотино и дека тоа и досега требало да се направи, ако било возможно.

Втората забелешка е околу цената на кредитот. Имено, каматата е 4,57% годишно, провизијата за ангажирани неповлечени средства е 0,25%, тоа е значи цирка 5%, еднократната провизија за управување со заемот е 1% и банкарските гаранции кои што Комерцијална банка и Тутунска банка ги издаваат. И колку што знаеме од досегашната нивна пракса некаде околу 2% наплаќаат неповратни средства за банкарска провизија за издадена гаранција. Посебно е кои се гаранциите што им ги дава Елем ним, за да ги издадат тие гаранции и тие договори ги немаме во вид, меѓутоа, главното прашање и главната дилема што овде се отвара, ако веќе мора да се плаќа 4,57% камата годишно на КФ банката, ако провизијата за ангажирани и неповлечени средства е 0,25% и евентуално би можело да се избегне со навремено повлекување на средствата и еднократната провизија исто така не би можела да се избегне, тогаш сметам дека како Елем, како претпријатие во државна сопственост, тука повеќе мислам на Владата, многу полесно и многу поевтино ќе биде, Владата да му издаде државни гаранции, отколку Комерцијалните банки. Барем тие се бесплатни. Ако веќе не можат да се користат средствата од продажбата на ЕСМ, тогаш навистина, најмалку што може да се стори е да се издадат гаранции и со тоа вкупниот трошок каматен на годишно ниво ќе се намали од 8%на 6%, што ќе се согласите е далеку поповолна и поприфатлива варијанта.

Објаснувањата дека е позитивно тоа, ризикот на Владата е мал од евентуелни обврски од ова задолжување не држи воопшто затоа што ЕЛЕМ

е во 100% сопственост на државата, односно Владата на Република Македонија  и како основач и 100% сопственик Владата е должна сите загуби и обврски, без разлика дали ќе даде или нема да даде гаранција за некои кредити да ги покрие, ако претпријатието не може самото да ги покрие.

Последната реченица од образложението мислам дека воопшто е непотребна, дури и контрапродуктивна дека е оправдано издавањето на банкарски гаранции од комерцијалните банки, а Владата не може да издаде банкарски гаранции кои се бесплатни, кои нема да чинат 2% и дека тоа е поволна варијанта. Двете забелешки се однесуваат и на однесувањето на Владата и на однесувањето на комерцијалните банки кои можат да издадат и да ги наплатат гаранциите, а не можат да соберат сили да го следат овој важен проект за Република Македонија и за електраните во Република Македонија.

Тоа беа причините и забелешките заради кои ни се јавуваа сите дилеми на нас како пратеници и на седницата на Комисијата и овде на оваа седница и навистина сите други образложенија, ќе повторам уште еднаш и драматизации не држат затоа што некој воопшто не го доведува во прашање и нема да го доведе во прашање функционирањето на ЕЛЕМ и потребата од купување на оваа опрема од фирмата МАН Такраф  благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Андов, имате збор.

**Стојан Андов:** Јас сакам исто така едно појаснување да изнесам овде. Фактички  ние во Македонија уште не знаеме со каква енергетска ситуација ќе со соочиме наскоро, бидејќи немаме изработено некоја стратегија и Владата таква стратегија нема донесено, нема опции и нема варијанти. Затоа на нас ни доаѓаат вакви ад-хок прашања. Ние ги знаеме  резервите на Суводол и како партија и како пратеничка група сме обрнувале внимание ако не повеќе, барем последниве седум-осум години дека тие резерви се на исцрпување и мора да одиме на некоја алтернатива. Лежиштето Брот-Гнеотино во одредена мерка може да помогне и треба да помогне, иако општата енергетска состојба во Македонија, дури и да го задржиме ова ниво на производство во Битола, не обезбедува некоја расположлива количина за економски развој на земјата, таа, не може да биде наш било каков фактор на еднаква конкурентност на нашето стопанство со другите стопанства со кои се конкурираме како една од претпоставките за економски развој.

Затоа, ние треба да внимаваме секој наш чекор да биде добро одмерен, да не ни ја влошува конкурентната способност воопшто земено и да не плаќаме поскапо отколку што е неопходно. Сите укажувања кои се овде дека веројатно ќе беше подобро од наши инвестициони фондови да го совладаме овој потфат, на разни начини, и преку користење на дел од средствата од продажбата на дистрибуцијата и на друг начин, сигурно е дека тоа ќе беше многу подобро затоа што нема одлив на капиталот. Капиталот дури и да е по иста цена овде, ако влезе во фондовските и банкарските канали ќе го даде новиот ефект на развој пак на други сектори, а вака е одлив, чист одлив. Затоа, сите укажувања треба да се сфатат во тој поглед. Овде не се работи дека некој е против тоа да се изгради или сака да закочи да се изгради овој рудник, т.е. да се набави опремата која ќе овозможи тој да се ефектуира и да се направат сите потребни откритија, за да се добие годишната количина што е потребна од јаглен. Тоа што вака пред крајот на мандатот се доаѓа и до вакви предлози и до вакви решенија, тоа уште еднаш укажува дека не ми е една од основните грижи енергетската состојба во Македонија и улогата на енергетската состојба во општиот развој на државата. Не е добро, не е ред на вистинските слабости кои недостатокот на стратегија на развојот на електроенергијата кај нас овде се кажуваат како предности зошто треба да се донесе овој закон и зошто треба да се одобри овој кредит, односно не да се одобрува туку една правна поддршка да се даде. Фактички на нас навистина ни се заканува мрак. Тоа е точно, но тоа не е заради тоа што некој бара поефикасни решенија, како што овде опозицијата тоа го бара, односно побрзи и поефтини решенија. Тоа се испитува како алтернатива, но заради тоа што се бегало од такви решенија, што не се работело на вакви работи и штодоаѓаме во ваков ќорсокак при крајот на мандатот.

Инаку, извлекување заклучоци кој сега има поинакво мислење сак мрак Македонија е фактички пуштање перде пред очите на луѓето и предизвикување вештачки мрак.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитувани претставници на Влада, почитуван директоре на ЕЛЕМ,

Се надевам дека ова што го дискутираме сега иако задоцнето ќе допре барем како информамција до граѓаните на Република Македонија, затоа што одеднаш смешното работење на Електростопанство на Македонија, сите успеси кои беа постигнати во неговото работење преку овој Договор за заем се гледа дека не биле баш така успешни последиците од работењето на раководството и на оваа Влада во поглед на овој сегмент како што тоа се прикажуваше целиот овој период наназад. Доколку би било поинаку, доколку навистина успешно се работело, немаше да имаме ваков договор за заем, туку државата најнормално ќе дадеше гаранција за да се овозможи набавка на опрема која е од непроценливо значење за енергетската иднина на Република Македонија.

Овде има две работи околу кои сакам да дискутирам, односно две точки каде што треба да се стави акцент.

Првата точка е потребата за реализација или почнување на активности за рудникот Брод - Гнеотино. Кои се причините и околу оваа работа, сигурно нема никаквии дилеми, прашање е на врмето: зошто дури сега, зошто се изгуби толку време, а не се отпочнаа активности за реализација на Брот-Неотино како единствена алтернатива која ќе овозможи иднина на РЕК Битола, и не само на РЕК Битола затоа што РЕК Битола претставува иднина на снабдувањето со електрична енергија на Република Македонија. Зборуваме за резерви кои сега ги имаме за пет години, значи до 2011 година РЕК Битола би добил катанец, вака како што стојат сега состојбите. Доколку сега би биле искористени сите оние резерви на Суводол кои ги има во овој момент, Република Македонија ќе потоне во мрак. Тоа е точно, тоа е факт, а сега ние разговараме за задолжување, за набавка на опрема, за отпочнување со откривка на Брод - Гнеотино. Ова е навистина една голема несериозност во однос на вкупната иднина на Република Македонија затоа што сите сме свесни дека од енергетската покриеност или снабденост на Република Македонија зависи нивото на инвестициите, зависат и можностите за економски развој, преку тоа зависат и можностите за отворање на работни места и сето она што произлегува како последица од можноста за снабдување со електрична енергија, а вклучително и во однос на цената која треба да се плаќа за потрошената електрична енергија, затоа што ваква како што стојат работите дефинитивно Република Македонија не само што ја очекува ценовен шок туку ја очеккува и мрачен шок кој ќе се однесува на недостиг на електрична енергија, слично на она што се случува во соседна Албанија. Ова е само еден дел од овој закон и овде сакав да го истакнам откажувањето на годинашните ремонти на РЕК Битола, кои исто така претставуваат. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, поминаа три минути и една ваша прва дигресија заврши. Ние сме во фаза кога дискутираме по текстот на законот. Вашите политички пораки и маркетингот оставете ги за плоштади и конференции за печат. До сега ова Собрание покажа дигнитет дека не се меша во дневно политичка расправа или дискусија.

Ве молам, зборувајте по текстот на законот, а таму никаде не пишува зошто сега после четири години овој закон се предлага, како што не пишува никаде зошто пред четири години не се донела ваква гаранција. Затоа, ве молам, продолжете да зборувате по текстот на законот а инаку конференција за печат можете да организирате и да го кажете сето ова што сакате да го кажете. Не ја злоупотребувајте говорницата.

**Блаже Стојаноски:** Може да ви одговорам на репликата господине Јордановски, а потоа да продолжам?

**Љупчо Јордановски:** Не може, продолжете.

**Блаже Стојаноски:** Ако се јавувате за реплика, јавете се после завршувањето на дискусијата.

**Љупчо Јордановски:** Јас само го почитувам Деловникот каде што сме во фаза на расправа по текстот на законот. Вие не зборувате по текстот на законот, вие овде зборувате за политика.

**Блаже Стојаноски:** Не е политика ако нема ремонт во РЕК Битола на блоковите.

**Љупчо Јордановски:** За ремонтот овде не станува збор, ве молам зборувајте по текстот на законот.

**Блаже Стојаноски:** Како може да се задолжи ЕЛЕМ од една страна, а од друга страна нема пари ремонт да направат.

**Љупчо Јордановски:** Втора дигресија трошите.

**Блаже Стојаноски:** Значи, господине Јордановски, согласно член 25 од Законот за јавен долг, ова Собрание е должно да донесе ваков закон со кој ќе гарантира или ќе даде согласност за задолжување на јавните претпријатија или претпријатија во државна сопственост, независно што се нарекуваат Акционерски друштва и заради тоа мора да навлегува и во однос на деловната политика или можностите за враќање на овој кредит, а тие можности за враќање се основната причина за која овде дискутираме. Зошто инаку Собранието воопшто дискутира за овој закон? Зборуваме за износи, за камата, за висина.

**Љупчо Јордановски:** Точно, зборувајте за тоа, бидејќи тоа го пишува во законот, камата, износ итн. До сега сите дискутанти тоа го зборуваа. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Донесувањето на овој закон има причини и тоа е една од темите кои произлегуваат од тоа, меѓутоа, за да ви биде појасно за што зборувам ќе ви цитирам дел од Образложението кое го дава Владата, односно причините поради кои овој закон се предлага.

**Љупчо Јордановски:** Образложението не е дел од текстот на законот, ве молам. Текст на закон значат членови и за тоа одете по членовите. Образложението треба да се дискутира во првата фаза, а вас ве немаше во првата фаза овде во Собранието, во 11,00 часот не бевте овде.

Ве молам, продолжете со дискусија по текстот на законот.

**Блаже Стојаноски:** Значи ЕЛЕМ Скопје, на 14.12.205 година склучи Договор број 515476 со МАН Такраф за набавка на опрема во вкупен износ од 16.986.200 евра. Интересна работа е што во овој Договор е утврдено дека 85% од потребните средства во износ од 14.438.270 евра да бидат обезбедени од заем од КФ Банката, а 15% од потребните средства во износ од 2.547.930 евра да обезбеди АД ЕЛЕМ Скопје. Што значи ова? Ова значи дека пред овој закон ние веќе имаме склучено договор меѓу ЕЛЕМ и МАН Такраф за реализација на овој проект. Кажувам јавно дека ова е неопходно да се направи. Јас ќе гласам за овој закон, меѓутоа, прашањето е зошто се доведовме во ваква

ситуација прво под вакви услови да се носи овој закон и втората работа е, во која ситуација се наоѓа сега ЕЛЕМ во функција на реализација на нејзините обврски по основ на овој закон. Тоа е основното прашање, затоа што ако Владата е сигурна дека ЕЛЕМ ќе може да ги враќа овие пари, тогаш нема да има проблем Владата да даде гаранција за реализација на овој кредит и немаше да се оди преку Комерцијална и Тутунска банка како гаранти за да може да се добие ваков кредит и преку Осигурителното друштво од Германија, кое ќе треба по цена од 1.861.730 евра да даде гаранција за обврските кои произлегуваат од Договорот за заем.

Целта ми е да се истакне она што е факт, а факт е дека ЕЛЕМ, односно тогаш ЕСМ во 2002 година, на крајот, имаше 10 милиони тони јаглен одкривка и спремен за користење, што претставува финансиски 140 милиони евра, од прилика. Сега има 500 илјади тони што претставува финансиски околу 7 милиони евра. 133 милиони евра вредност на јагленот се искористи овие четири години како разлика, а од друга страна, немаме можност за реализација на еден кредит под поволни услови или за поголемо учество на ЕЛЕМ, со цел да се подобри ситуацијата во однос на ризиците што се појавуваат за Република Македонија во однос на можностите за престанок со работа на РЕК Битола поради недостиг на јаглен. Значи Брод-Гнеотино е неопходен, овој закон е неопходно да се донесе, иако финансиските услови се неповолни за Република Македонија пред се зборувам, затоа што цената ќе ја платат сите граѓани на Република Македонија преку цената на струјата. Прашањето колку МЕПСО треба да му плати на ЕЛЕМ за цената на струјата, што ќе значи тоа во однос на профитабилноста на работењето на ЕЛЕМ исто така не знаеме, затоа што не знаеме од денес до утре колкава ќе биде цената на електричната енергија. Затоа Република Македонија е дефинирана како несигурна држава за инвестирање, затоа што нема долгорочни услови под кои ќе може да се инвестира.

Од овие причини како што реков жал ми е што Парламентот е доведен во една ваква ситуација за да мора да гласа за законот заради енергетската иднина на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Јашари, имате три минути реплика.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Два три пати почитуваниот колега Стојаноски спомна причина зошто државата преку донесувањето на овој закон не се преставува во улога на гарант. Во оваа прилика сакам да го нагласам следното.

Во меѓународниот промет на стоки и услуги како основни и главни инструменти, освен документарниот акредитив се појавуваат и банкарски гаранции. Во оваа насока, државата како гарант се појавува само во случај доколку недостасуваат овие два основни главни инструменти. Во оваа насока не знам или не слушнав ништо од претходниот говорник за тоа кои би биле причините во присуство на банката која што гарантира или банкарската гаранција која што се дава од Комерцијална и од Тутунска банка да се јавува државата како гарант. Навистина не знам и не слушнав ништо во таа насока како причина или аргумент за тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контрареплика господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Имате две причини. Првата причина е 2% од вкупниот износ на кредитот кој треба да се плати за гаранцијата и втората е, зборувавме за заштеда со намалување на бројот на вработени од страна на ЕСМ, зборувавме за заштеда односно потпишувавме ненаплатливи или тешко наплатливи побарувања од страна на ЕСМ, а с ега имаме ситуација во која велиме ЕЛЕМ не може да изврши ремонт на блоковите на РЕК Битола. Тоа е тоа што го зборував.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитуван директор на А.Д. ЕЛЕМ, почитувани колеги пратеници,

Согласно Законот за јавните задолжувања, обврска е на секое јавно претпријатие или буџетар кој планира да се задолжи, тоа одобрение да го добие од Собранието. Ние како Собрание ова го добивме како закон затоа што е изнуден, не дека ќе го имавме тука ако немаше таква обврска. Ова е изнудена работа и мора да помине.

Сега, можеби треба да помине, гледајќи за што се работи, гледајќи ја содржината на Законот се работи за нов ископ на јаглен кој е неопходен за продолжување на работата на електраните во РЕК "Битола". Ако имавме малку подетална пресметка колку ќе ископаме јаглен со оваа инвестиција и колку години ќе обезбедиме работа на овие електрани би ни било појасно.

Друга работа, кои ќе бидат финансиските ефекти, кој профит ќе го направат електраните во Македонија со оваа инвестиција, можеме да согледаме дали има економска оправданост целиот овој проект. Ќе вложиме 15 милиони евра, а ќе добиеме 200 милиони евра, да речеме, ќе заработиме како држава. Дури можеме да бидеме и во загуба, но да ја знаеме таа математика која е, како ќе работи РЕК "Битола" и што ќе се случи со електроенергетскиот систем на Република Македонија и дека е ова неопходна инвестиција ако сакаме да немаме проблеми со електричната енергија.

Тоа се прашања кои би требало да бидат одговорени и на нас како пратеници ни станат појасни работите.

Една друга исто така многу важна работа, кога веќе се знаело дека ова мора да помине на Собрание, зошто оваа работа не е започната пред да се пристапи кон објавување на тендерот, можеби склучување на договори, можеби во финиш се веќе потпишани или се при крај, треба само да се стави потпис оти се знаело од прилика кои суми ќе бидат потребни за набавка на оваа опрема, се добиле понуди, оти се малку такви фирми кои можат да ја изработат оваа опрема и едноставно да ја инсталираат да работи.

Фирмата "МАН Такраф Фердертехник" која е во законот е фирма со светско реноме, верувам дека ќе биде квалитетна опрема, не сакам да навлегувам во цените, бидејќи тоа се фирми што имаат цени по кои си работат, тука нема никакво сомневање дека се работи за висока цена или нешто друго, но сметам дека ќе имавме помалку проблеми и на Комисијата за финансирање и буџет и како Собрание ако сето ова беше дојдено многу порано во Собранието, пред да се најде сето ова како закон во една фаза кога целата работа е завршена.

Но, што е тука е, на Комисијата зборувавме од наш аспект како пратеници, грижејќи се за задолжувањата на Република Македонија и комерцијалните услови под кои се добива кредитот дека не е поволен, факт е дека е така, гледајќи ги каматните стапки, гледајќи ги сите пропратни трошоци што се прават, банкарските гаранции од комерцијални домашни банки кои не се дефинирани во овој закон и не е прецизно објаснето како ќе бидат покриени овие гаранции од страна на АД ЕЛЕМ во државна сопственост на Република Македонија. Едноставно се доведува во прашање целиот проект дека можеби нема да биде добар за Република Македонија и не знаеме каков договор ќе склучат, бидејќи во текстот на законот е напишано дека АД ЕЛЕМ меѓусебно ќе го реши покривањето на банкарските гаранции со Тутунска банка и Комерцијална банка.

Мислам дека тука недостига прецизност. Еве да се запрашаме сега како ќе се покријат овие банкарски гаранции. Ни една банка нема да даде банкарска гаранција ако нема покритие од страна на корисникот на банкарската гаранција.

Прво, тоа е незаконско работење на банката ако нема покритие, а издава банкарски гаранции, тоа е нормално за банкарското работење.

Зошто не е дефинирано во законот и не е напишано на кој начин ќе се обезбедат банкарските гаранции од страна на Тутунската и Комерцијалната банка.Тоа се работи кои пречат и не се дефинирани. На Комисијата која се одржа претходната недела скоро целата Комисија заклучи дека имаме недостаток на информации, баравме од ЕСМ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, седма минута зборувате, а не кажавте ништо за текстот на законот, туку тоа што сте го кажале на Комисијата. Сте се потпишале во 11,15 часот, а седницата ја започнав во 11,00 часот со отворање на општа расправа. Ова што го зборувате е општа расправа. Ве молам, вратете се по текстот на законот за да кажете, а на крајот на краиштата имавте време да дадете амандмани. Ако веќе зборувате за гаранции од комерцијални банки, можете да дадете амандмани, но не го направивте тоа, ве молам држете се по Деловникот по текстот на законот.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе, тоа е ваше мислење, не значи дека сте во право...

**Љупчо Јордановски:** Можеби не сум во право, но сум малку повеќе во право. Ве молам зборувајте по текстот на законот затоа што ништо не слушнав по ни еден член од текстот на законот.

**Ванчо Стаменков:** Тука ќе завршам, бидејќи факт е дека на Република Македонија и треба уште долги години да работи РЕК "Битола", тоа е предизвикано и од состојбата во електроенергетскиот систем од ГАМА, воведувањето на гасоводот и гасот во домаќинствата и индустријата веќе доцниме така што ако не го направиме ова сигурно ќе се доведеме во ситуација Република Македонија да дојде во една тешка електроенергетска криза.

Затоа ќе го поддржам законот, а останувам на своето дека можевме да имаме многу подобар закон.

Господине претседателе, знаеме како поминуваа амандманите на опозицијата во Парламентот. Бевме сведоци четири години.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот, а што се однесува до амандманите, барем покажете желба и волја да ги напишете.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците и покрај дискусиите надвор од Деловникот, сите рекоа дека ќе го поддржат овој закон, затоа сакам да ги видам овде.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам, имаме доволно присутни, има 68 пратеника.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни гласале 67 од кои 67 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување, да не читам понатаму.

(Во 12,44 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски: Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пристапување на Република Македонија кон**

**Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), со Предлог на закон.**

Прелдогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе,

ВМРО-ДПМНЕ потпишувањето на овој Договор го поздравува со следните забелешки:

Мора да се истакне дека еден од основните услови за членство на Република Македонија во Европската унија е членството во Светската трговска организација и ЦЕФТА договорот.

Покрај веќе потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија во 2001 година Република Македонија стана членка на СТО во 2002 година и од тогаш до сега Владата на СДСМ напразно чекаше дури во 2004 година ги отпочна разговорите за членство во ЦЕФТА. Со ова одолговлекување Република Македонија најмногу загуби, на некој начин се пролонгира влезот во Европската унија и се зголемија трговските бариери со земјите членки на ЦЕФТА. Значи, доцнењето направи штета на македонската економија на начин што се обесхрабруваа странските инвеститори да вложуваат свеж капитал во нашата економија, а од друга страна се овозможува на домашните тајкуни да остваруваат екстра профит на база на нелојална конкуренција.

Уште еден аспект на потпишувањето на овој договор и неговата поддршка, сметам дека Република Македонија во првите моменти несоодветно реагирајќи на предложената иницијатива за слободна трговска зона практично ја прифати иницијативата наместо да биде иницијатор, ја прифати иницијативата на Република Хрватска за проширување на ЦЕФТА и на тој начин да не се оди против ставот на Европската унија, но и да не се оди во еден проект што на некој начин би имплицирал обновување на бившата СФРЈ.

Како и да е потпишувањето на договорот кон пристапување кон ЦЕФТА е позитивна работа и ВМРО-ДПМНЕ го поддржува. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине потпретседател, господа, нема сомнение дека сите ја прифаќаме ратификацијата на оваа Спогодба. Меѓутоа, како на Комисијата така и сега сметам дека Министерството за економија беше должно особено на комисиската расправа да излезе пред пратениците и да објасни неколку дилеми, налик на оваа што господинот Китаноски сега ги постави.

Меѓутоа, очигледно и покрај тоа што на Комисијата упативме строга препорака до Министерството за економија кога ќе дојде Ратификацијата на овој извонредно значаен договор во Собранието да објасни, но тие не дојдоа. Тоа говори дека очигледно длабоко сме забраздиле во предизборни води, па Собранието веќе не е толку важно.

Овде сакам да кажам една работа од името на нашата пратеничка група од фактот дека ние како носители на првите иницијативи додека бевме на власт за создавањето на една ваква зона за економска соработка ќе гласаме. Меѓутоа, она што во моментот ми паѓа тешко е што од добиена позиција на иницијатори на држава која во регионот потпиша спогодби за слободна трговија со сите држави, од иницијатор да се направи економски договор со сите држави на повисоко ниво од тоа трговското, сега се сведовме повторно на амебна позиција во која како држава реагираме на надразби и дозволуваме една скусена идеа педложена од Хрватска како реакција од неразбирање што е тоа што ни го нуди Европската унија врз основа на нашата иницијатива, ние сега се ограничивме на еден далеку потесен простор и прифативме, без некоја голема аргументација, дека нашиот предлог и нашата позиција е подобар, прифативме нешто што повеќе им служи на хрватските власти во овој момент да објаснат дека не се создава нова Југославија, туку се оди напред. И ништо повеќе.

ЦЕФТА е добра идеја а нашата идеја беше подобра. Подобра беше идејата на Балканот да се направи повисок облик на економска соработка која ќе обедини Пазар од 20 до 50 милиони, кој немаше да ги исклучи Бугарија и Романија оти тие автоматски штом ќе влезат во Европската унија во оној момент кога ќе влезата истапуваат од ЦЕФТА и таа се сведува потоа на нас и на Хрватска и сега доаѓа она што ние требаше со загриженост да го истакнуваме и постојано да бараме да не се сведе на тоа ниво, а тоа е на земји кои се едната во фаза на преговори, а другата во очекување на преговори да се приклучат останатите земји во една модифицирана ЦЕФТА. Не. Идејата сите да останеме заедно, чисто иницијатор е Република Македонија која на наше изненадеување беше оставена некаде патем беше подобра да се направи економски договор на Балканот кој ќе ги опфати сите држави и ќе означи конституирање на пазарот педесетина милиони и кој како таков ќе беше атрактивен и ќе беше чинител во Брисел, а не само помал партнер во овој облик кој сега ќе остане ЦЕФТА на скусена економска заедница заради тоа што некој наивно помислува дека кога Европската унија ни нуди регата како пристапување кон неа, заборава дека мислејќи ако е прв, пвр ќе влезе и воопшто не го интересираат другите, е погрешен концепт. Самата регата е дружба.

Според тоа, не можеме да очекуваме напредок на Балканот ако врз основа на конкретни иницијативи, како што беше енергетската, сега пазарната, не изградиме поширок облик на економска интеграција. Ако тоа не го направиме патот до Брисел ќе биде трновит, ќе биде спор и полн со многу откажувања.

Сепак, ставени сме во ситуација како што сме ставени и ЦЕФТА е подобра од ништо, па затоа ние и ќе гласаме за неа.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за пристапување на Република Македонија кон Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 60, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 59, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за пристапување на Република Македонија кон Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за основање на енергетска заедница, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе. Пред нас е Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за основање на енергетската заедница.

Ние како пратеници, поголем број од нас беа вклучени во сето ова. Забелешките и тогаш и сега беа поставени до оние кои што учествуваа во потпишувањето и на Атинскиот Меморандум и оној што после тоа станува обврска со ратификацијата на овој Договор. Мислам дека определени сегменти од овој закон, затоа што всушност ќе стане закон затоа што Република Македонија едноставно ќе мора да ги прифати сите обврски што доаѓаат со овој договор и едноставно она што се наши закони преминуваат во важност на ова што го имаме пред нас и ова што ќе биде важно во понатамошниот тек на развојот на енергетскиот сектор во Република Македонија. Значи, неколку забелешки според мене клучни забелешки, тоа е либерализацијата, тоа е отворањето на пазарот, начинот на пренесување на енергијата, она што значеше цена на електричната енергија и она што значи придржување на се што стои во оваа ратификација посебно во делот кој што ги исполнува оние работи кои што имаат делови од заштита на животната средина. Зошто го говорам сето ова? Затоа што Република Македонија уште во старт треба да знаеме дека либерализиран пазар во комплетна ситуација во која што секој ќе може да продава и да купува електрична енергија не ќе може да биде издржан. Пред малку говоревме за една ситуација од доделување на кредит за отворање на рудникот "Брод Гнеотино", затоа што доаѓаме во опасност работењето на трите блока на Термоелектраната РЕК-Битола. Што ќе се случи со овој закон? Ние говориме дека ќе можеме на пазарот и пазарот ќе ни обезбеди да можеме да купиме електрична енергија, или истата да ја продаваме. Но, во Република Македонија уште во старт во овој момент имаме недостаток од 40% од електрична енергија и да не даде Господ ова што го правиме со неисполнувањето на обврските за ремонтите во термоелектраните до колку еден, или два блока испаднат, тогаш доаѓаме во ситуација и технички и покрај тоа што секој ќе сака да ни помогне, не ќе може да ни помогне и таа електрична енергија не ќе можеме да ја добиеме. Тоа е основата на која што сите ние ќе треба да се придржуваме.

Од друга страна, од Министерството за финансии имаме информации дека крајот на 2006 и почетокот на 2007 година по некој стратешки план е предвидено дека Република Македонија ќе продолжи со приватизацијата на ова што значи производствени објекти во Република Македонија. Сето тоа ќе донесе до уште поголеми пробелми. Значи, ситуација во која што газдата кој што ќе биде во тој енергетски објект производствен до колку цената на електричната енергија на пазарот биде подобра и поповолна за него, сигурно дека ќе сака да ја извади на пазар и да ја продаде како стока. Но, ние имаме проблем

затоа што истата електрична енергија дали ја увезувате, или ја извезувате, поминува по истите патишта. Значи, зафатеноста на она што значи МЕПСО во овој момент и можноста да пренесува електрична енергија и во која количина е, е основниот проблем за кој што треба да размислуваме. Мислам дека тоа доволно не сме го сватиле и дека како држава едноставно таа стратегија веќе касни можеби за 10 и 20 години. Така што овие години се работи тотално без стратегија. Кога некој може да каже дека државата може да даде гаранција за хидроелектранaта "Света Петка", а не може да даде државна гаранција за Брод-Гнеотино, мислам дека тука приказната завршува и се е јасно на видело извадено.

Од друга страна, потпишувајќи го ова и придржувајќи се на законите и правилата, сето она што стои во одделни членови, мислам дека беше членот 13 каде што мораме да ја признаеме важноста на протоколот од Кјото. Јас само за информација на нашите граѓани морам да кажам дека американците сеуште не ја потпишале таа конвенција и нема ни да ја потпишат, затоа што не одговара за нивната држава. Но, ние тука имавме една ситуација на почетокот на 2003 година, некој кажа дека генерален проект на оваа Влада ќе биде десулфоризација во РЕК-Битола. Поминаа 4 години, не само што не се направи ништо, туку немаме ниту проект за таква ситуација. А од друга страна морам да ве информирам дека од 2007, некаде од 1 јануари еден блок од термолектраните во Бобов Дол испаѓа токму поради ова, поради непридржување на она што значи заштита, еколошка заштита на средината што ние мораме да кажеме дека, дали е тоа во моментот РЕК-Битола која што има морам да кажам и мисија и емисија која што се слика во секој момент, имаме она што тие го зрачат и во однос на четкиците и филтрите кои што ги имаме. Но, со самото влегување тие критериуми се зголемуваат, така што и тука претстои инвестиција во однос на она што значи задржување на овие објекти.

Да не говорам што значи тоа при отворањето на новите објекти, колку средства се потребни за сето тоа. Мислам дека тука ќе имаме генерално проблем, затоа што мораме да водиме сметка токму за овие ситуации и ситуацијата каде што имавме барање до Владата и до Министерството за финансии да бидат доставени договорите на сите оние кои што користат електрична енергија по повластени цени. Таков договор сеуште до сега немаме, не знаеме до кога се тие повластени цени и како сето тоа ќе функционира.

Во самата ратификација постои еден член, членот 19 во кој што се говори за јавните претпријатија и претпријатијата на кои им се доделени посебни, или ексклузивни права. Секоја договорна страна ќе обезбеди 6 месеци од денот на стапувањето во сила на овој договор да се применуваат принципите на договорот за основање на европската заедница, особено член 86, 1 и 2. Членот 86 , 1 и 2 говори за јавните претпријатија, значи ставот 1, или членот 1, во случај на јавни претпријатија, или претпријатија на кои земјите членки им доделиле посебни, или ексклузивни права, земјите членки нема ниту да ставаат, ниту да одржуваат во сила мерки спротивни на правилата содржани во овој договор, особено оние правила уредени во член 12 и членовите 81 до 89.

И ставот 2, претпријатијата на кои им е доверено работење со услуги од општ економски интерес, или кои имаат карактер на профитабилен монопол подлежат на правилата содржани во овој договор, особено на правилата за конкуренција, ако примената на тие правила не го попречува вршењето правно, или фактичко на конкретните задачи што им се доделени. Развојот на размената не смее да трпи влијание до степен што би се косел со интересите на заедницата. И тука ние дефинитивно ќе имаме проблеми. Го гледаме проблемот уште не можеме веќе година дена да расчистиме што е јавно претпријатие, кој ќе стопанисува со Гасоводот, кој со Нафтоводот, мислам дека тука се јавуваат проблеми. А во однос на оние претпријатија кои што ги имаме акционерските друштва во државна сопственост и самите сме сведоци како тие функционираат и колку во овој момент нивната профитабилност, или нивното работење во последните две години имавме можност да видиме од една независна куќа која што ние ја формиравме како Парламент, едноставно не дозволи цената на електричната енергија да се помери, затоа што еве тука во тој член 19 повеќе таква ситуација не ќе може да има и не ќе биде дозволено ништо, затоа што ние направивме ситуација со продажбата на ЕСМ дистрибуција да добиеме еден приватен монопол кој во моментот е единствен во Република Македонија со една лиценца и тој функционира како функционира и ќе видиме како понатаму ќе функционира. А до колку ова го сториме и со производството, мислам дека ќе дојдеме во крајно тешка ситуација, затоа што ова што го потпишуваме е обврзувачко за Република Македонија и ова е нештото после кое нема назад. Ние сме, колку што видов од ова што е предложено тука, ние сме трета, или четврта земја која што го потпишува овој договор. Се надевам дека после потписот како што стои од 6 членки, дека тој станува полноправен и после тоа ние мораме да се придржуваме до ова што го нуди оваа ратификација. Значи, мислам дека треба да имаме едно објаснување во однос на она што со ратификацијата Република Македонија реално и објективно добива, што ние и за колку време треба да реализираме делови од оваа ратификација да бидат вклопени во нашиот закон, да не бидеме изненадени, со тоа што ова што значи закон на договорот за основање на енергетската заедница да не најде неподготвени за многу ситуации кои што ќе следуваат после потпишувањето на ратификација. Мислам дека, очекував некој од претставниците на минситерствата кои што се

предлагачи да дадат некакво објаснување за оваа ратификација, но еве тоа не се случува. Ова што го имаме како текст на законот колку можевме да го прочитаме, го прочитавме и тоа е што во овој момент можеме да кажеме. Јас се надевам дека еве, некој од претставниците ќе сиземе за право и да каже дали имаме некои рокови после тоа, обврски, затоа што нашите закони во одредени делови како што функционира сега МЕПСО и целата ситуација во енергетскиот сектор, мислам дека не се во ред. Еве, можеби заменикот министер ќе пронајде нешто во дневниот печат и ќе може да објасни барем дел од ова што значи ратификација.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Борозан.

**Весна Борозан:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Договорот за енергетска заедница во Југоисточна Европа произлегува како круна на процесот наречен Атински процес кој што интензивно се води од страна на Европската комисија и владите на земјите во регионот на Југоисточна Европа од 2002 година.

Се јавив за збор само за да напоменам дека во 2002 година во ноември кога Македонија го потпиша првиот меморандум за разбирање, Македонија беше според степенот на реформираност на електроенергетскиот сектор и воопшто на енергетскиот сектор, последна меѓу земјите од Југоисточна Европа по достигнувањата. Во меѓувреме Македонија од таа незавидна позиција израсна да биде лидер на овој таканречен Атински процес помеѓу земјите во Југоисточна Европа. Само да потсетам дека и нашето Собрание, посебно Комисијата за европски прашања има дадено придонес во рамките на ова лидерство, организирајќи ја конференцијата за земјите од Југоисточна Европа и претставници на нивните парламенти во врска со објаснувањето на целите на овој договор и во врска со поттикнување на ратификација на договорот.

Колегата Мавровски спомна повеќе проблеми во енергетскиот сектор. Мислам дека сега не е момент во врска со ратификацијата на овој договор да се зборува за проблемите во енергетскиот сектор. Овој договор е еден од првите законски обврзувачки договори кој што Македонија го потпишува со Европската унија и енергетиката станува една од првите области во која што Македонија ќе мора во потполност 100% да ги усогласи не само законите, туку вкупната регулатива со онаа на Европската унија. Според тоа, можеби во моментов имаме проблеми, меѓутоа за овој процес нема назад, како што рече колегата Мвровски, исто како што нема назад на нашето чекорење кон Европската унија.

Сакам да го поздравам чинот на ратификација на овој договор.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за основање на енергетската заедница.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници гласале, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 60 гласале, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за основање на енергетска заедница.

**Минуваме на точка 14-Предлог на закон за судовите.**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 18 став 3; член 20 став 3; член 22; член 30 став 1 во воведната реченица; член 44 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; член 46 став 1 алинеја 3 и на став 2; членовите 73 и 74 став 3; за заменување на местата на членовите 127 и 128 и на членот 128 кој станува член 127, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Благој Голомеев поднесе амандмани на член 32 став 1 и истите го повлече.

Пратеникот Благој Голомеев поднесе амандмани на член 32 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 32 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Драго Шајноски поднесоа амандман на член 1 за бришење на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандмани на член 30 став 2 алинеи 1 и 7 и на член 31 став 2 алинеја 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџоски, Блаже Стојаноски, Благоја Гешоски, Роза Топузова-Каревска и Цветанка Иванова поднесоа амандман на член 31 став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на член 24 став 2; член 30 став 2 алинеја 1 и на член 32 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мите Николов поднесе амандман на член 32 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 1 за менување на став 2; член 2 став 1; член 2 за менување на став 2; за бришење на член 3; за бришење на член 4; член 6 став 2; за бришење на член 7; член 8 за менување на став 1; член 8 став 2; член 11 за менување на став 1; член 11 став 2; член 13 за бришење на став 1; член 13 за бришење на став 4; член 13 за додавање нов став 6 по ставот 5; член 18 за бришење на ставовите 1, 2 и 3; член 18 за бришење на став 5; член 19 за бришење на став 2; член 20 за бришење на став 2; член 20 за бришење на став 3; член 24 став 2; член 26 за менување на став 1; член 28 став 1 точка 24; за менување на член 29; член 30 став 2 за бришење на алинеја 1; член 36 за бришење на ставовите 1, 2 и 3; член 37 став 1 за бришење на алинеја 10; член 37 за бришење на став 2; член 39 за бришење на став 2; член 39 за бришење на став 12; член 60 за менување на став 4; член 70 за менување на став 2; член 72 за бришење на ставовите 2, 3 и 4; за бришење на членовите 82, 83 и 84; за бришење на член 96; член 97 за бришење на став 5 и за додавање нов член 119-а по членот 119, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев поднесоа амандмани на член 12 став 1; член 14 за бришење на став 1 и на член 37 став 1 алинеја 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани на член 13 став 4; член 18 став 5; член 30 став 1 алинеја 1 и на став 2 за бришење на алинеја 7; член 31 став 1 алинеја 1 и на став 2 за бришење на алинеја 1; член 39 за додавање нов став 9-а по ставот 9; член 46 став 1 алинеја 1 и на член 97 став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Џевдет Насуфи поднесе амандмани за менување на член 25 и на член 31 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветле Јаневска поднесе амандман на член 31 став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Соња Лепиткова поднесе амандман на член 28 став 1 за додавање нова точка 27 по точката 28.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандмани за менување на член 70; член 79 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 4 и на член 79 за бришење на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвије Салиу и Назлие Даути поднесоа амандмани на член 31 за менување на став 3; член 46 став 1 алинеи 2, 3 и 4; член 102 ставови 1, 2 и 3; член 103 ставови 1, 2 и 3 и на член 104, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Наташа Биковска, Коста Прешоски, Емилија Костадинова и Ангел Димитров поднесоа амандмани на член 30 став 2 алинеја 1 и на став 2 алинеја 7; член 30 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1; член 31 став 1 алинеја 1 и на член 31 став 2 за бришење на алинејата 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе. Уште при првото читање на Предлог-законот за судовите јасно укажавме дека оваа одредба не треба да стои во Законот за судовите. Значи се работи за членот 1 став 2 кој вели дека судовите се самостојни и независни државни органи.

Ваквата дефиниција покажува дека не се почитува уставното начело за поделба на власта, а третманот на судовите како државни органи ги иззема судовите од судската власт со што од една страна се дерогира начелото за оделба на власта, од друга страна се ограничува независноста на судската власт, бидејќи вистинската независност судовите ја стекнуваат само тогаш кога се именувани и законски третирани како органи на судската власт. Од тие причини предлагаме ставот 2 од членот 1 да гласи-судовите се самостојни и независни органи на судската власт, а не на државни органи, како што е наведено во решението на Предлог-законот за судовите.

Ценејќи дека пратениците сериозно ќе размислат за тоа каква треба да биде поставеноста на судовите, согласно со овој закон, очекувам поддршка за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, 55 гласале, 10 за амандманот, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседтеле.

Во членот 2 став 2 се вели: "Судиите во примената на правото ги заштитуваат човековите слободи и права". Ние предлагаме зборовите "во примена на правото", да се бришат. Поимот "во примена на правото" е привиден и не објаснува ништо, само прави збрка во законскиот текст. Ако судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори, тогаш сите одлуки се донесуваат врз ваквата примена.

Што се однесува до заштитата на човековите права и слободи, од страна на судиите, таа заштита е универзална и не е секогаш врзана со примена на правото. Крајно, примената на правото, како што е наведено е сосема нејасна одредба која може да има само деструктивно влијание врз обврската на судиите да ги заштитуваат човековите права и основни слободи.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници гласале 55 за гласале 7, воздржан 1 и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Со амандманот 4 бараме одредбите до член 3 да се бришат. Во член 3 се дефинирани целите и функциите на судската власт и се вели дека тие опфаќаат непристрасно применување на правото, независно положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, обезбедување на еднаквост, рамноправност и недискриминација, обезбедување на правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Ние сметаме, кога има уставна и законска одредба, дека судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификуван и во согласност со Уставот. Тоа значи дека сета правна област за постапување на судиите, е опфатена, посебно имајќи предвид дека законите се и процесните закони што го уредуваат посебниот начин за постапување на судиите во судските процедури.

Да се изведуваат посебни цели и функции на судската власт, како што тоа се прави со одредбите од член 3, од една страна е непотребно, а од друга страна ги прави нејасни и ги дерогира уставните принципи дефинирани во став 1 од членот 2. Посебно е тоа видливо во алинеја 2 од овој член каде што како цел и функција на судот му е ставено унапредување на човековите права, што е надвор од смислата на судската власт, еднакво, како што е без никаква смисла обврската на судот како цел и функција да обезбеди правна сигурност, што не е својствено на судската власт, бидејќи правната сигусност ја обезбедува позитивното право.

со ваквите аргументи очекуваме колегите пратеници да го прифатат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 57 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Во членот 4 се дефинира дека судот одлучува во постапка пропишана со закон за правата на човекот и граѓанинот и правно заснованите интереси, за споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти, за кривични дела и прекршоци и за други работи што со закон се ставени во судска надлежност.

Зошто бараме да се брише овој член 4?

Содржината на член 4 е идентична со ставот 1 од член 5 кој гласи: "Судовите ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти доколку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија".

Непотребното повторување на идентична порака од Законот, по содржина, која е кажана со други зборови, само го комплицира законскиот текст, го прави нејасен и ја отежнува неговата примена.

Се што е речено во одредбите од членот 4, гледаме дека е содржано и во ставот 1 од членот 5. Од тие причини бараме членот 4 да се избрише.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Томиќ, имате збор.

**Зоран Томиќ:** Амандманот не е прифатлив од повеќе причини, меутоа ќе ја кажам главната.

Во образложението на амандманот се вели дека содржината на членот 4 е идентичма со содржината на ставот 1 од членот 5, што не е воопшто точно. Во членот 4 се зборува за постапка. Значи судот одлучува во постапка пропишана со закон и сега кажува за кои поконкретни работи, како што се правата на човекот и граѓанинот, правно заснованите интереси, за споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти, за кривични дела и прекршоци, додека членот 5 став 1 зборува дека судовите ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти, до колку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија. Со други зборови членот 4 и те како треба да остане, бидејќи кажува во која постапка и согласно што односно во постапка пропишана со закон се штитат одредените права и слободи на граѓаните, за споровите меѓу граѓаните и други правни субјекти и за кривичните дела и прекршоци.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате реплика.

**Силвана Бонева:** Воопшто не беше убедлив колегата во неговите аргументи, бидејќи со самото негово кажување е јасно дека, ако судовите ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти, доколку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија, тоа го прават во постапка. Апсолутно, оттаму е идентичноста на членот 4 и на одредбата што е од ставот на членот 5, став 1. Значи, мислам дека е неопходно потребно законскиот текст да се растовари од решенија што едноставно само се повторуваат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 56 гласале, 7 за, 1 воздржан и 48 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Со овој амандман на ставот 2 од членот 6 предлагаме да се бришат следниве зборови, односно претходно ќе прочитам што дефинира ставот 2 од членот 6.

Во него се вели дека при одлучување за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на кривично и јавно судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд. Понатаму се додава "основан со закон".

Ние предлагаме овие зборови"основан со закон" да се бришат, бидејќи со овој закон се востановуваат судовите во Република

Македонија. Според тоа, доколку веќе треба да се нагласи дека во државата со закон се основаат судовите, тогаш тоа е овој закон што сега го разгледуваме и што треба да го донесеме и е непотребна додавката "основан со закон". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 54 гласале, 7 за амандманот, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Во членот 7 стои "Предметите што доаѓаат во судот на одлучување се распределуваат помеѓу судиите според времето на приемот на предметот во судот, со исклучување на секакво влијание врз начинот на распределба од страна на претседателот на судот, судијата или судската администрација".

За да се одбегне можноста за непристрасно постапување, оформена е веќе практика предметите во судот непристрасно да бидат распоредувани и доделувани на судиите. Начинот на кој што се врши распоредувањето се уредува со судскиот деловник. А, начинот што го предвидел членот 7, според времето на приемот на предметот во судот е сосема недефиниран начин што наместо да го обезбеди непристрасното распоредување на предметите, прави забуна заради тоа што ваквиот начин е неприменлив.

Според процесните закони, како време, значи ден на прием на предметот во судот се смета и препорачаната пратка на денот кога е предадена во пошта, а која што во судот може да стигне и по неколку дена, како и поднесоците упатени до судот преку армијата, полицијата и другите институции.

Од тие причини предлагаме членот 7 да се избрише. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Томиќ Зоран.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Во делот на излагањето на почитуваната колешка се согласувам, меѓутоа мислам дека членот 7 ...

**Слободан Најдовски:** Извинете господине Томиќ, дали се јавивте за реплика или за збор?

**Зоран Томиќ:** За збор се јавив.

Дека, навистина добро ги уредува овие односи, а ова особено од причина што во одреден дел на судовите имавме навистина и незаконито постапување, било да е тоа од страна поради влијанието на претседателот на судот, од одредени судии или од судската администрација. Не гледам причина зошто членот 7 би се бришел.

Ова, дотолку повеќе, што и ова на што се повикува колешката Бонева биде испратено како судска пратка и стигне по одреден ден, битен е моментот на приемот во одделението, односно во самата архива.

Инаку, почитувана колешке, за ваша информација и за информација на граѓаните на Република Македонија, моментално имаме нееднаква судска практика во начинот на распределбата на судските предмети. Сакам јавно да кажам дека во одредени судови дури се врши и одредена ждрепка, што мислам дека не е ниту по судскиот деловник ниту по закон и ова е единствениот и вистински правилен начин, според кој начин би се распоредувале предметите во судовите.

Затоа, навистина не гледам причини зошто членот 7 би се бришел.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, 58 гласале, од нив 6 гласале за, 1 воздржано, 51 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо министер.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Ставот 1 од членот 8 гласи:

"Судот се повикува на судска ненадлежност само кога со зкаон изрично е предвидена надлежност за решавање на конкретно барање на друг државен орган".

Сметаме дека ставот 1 треба да се преформулира и да гласи:

"Судијата е овластен да одлучи дали судот е надлежен да одлучува по конкретно барање".

Образложение за ваквото редефинирање е тоа што одредбата од ставот 1 на членот 8 го применува негативниот принцип за определување на судската надлежност, наспроти афирмативниот принцип на исклучивото право на судија тој да одлучи дали предметот што му е доверен спаѓа во судската надлежност. Станува збор за независноста на судската власт и независноста на судијата кој исклучиво има право и овластување да ја цени судската надлежност.

Сите меѓународни документи што се однесуваат на судството ја имаат таа позиција судијата да одлучува дали судот е надлежен да постапува по конкретниот предмет. Во спротивно може да се случи државните органи да ја узурпираат судската надлежност. Оттаму бараме поддршка за овој амандман, да биде редефиниран ставот 1 и да гласи: "судијата е овластен да одлучи дали судот е надлежен да одлучува по конкретно барање". Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Молам еден пратеник да влезе во салата за да можеме да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, 56 гласале, од нив 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо министер.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Со овој амандман на членот 8, став 2 бараме измена, најпрво во ставот 2 на членот 8 се вели дека судот не може да отфрли барање за остварување на определено право со образложение дека постои правна празнина и должен е да одлучува по него, со повикување на општите начела на правото,освен кога тоа изрично е забрането тоа со закон.

Ние предлагаме овој дел од реченицата со повикување на општите начела на правото, освен кога тоа изрично е  забрането со закон да се избрише и да се замени со зборовите, со повикување на правната аналогија, кога е тоа допуштено по закон, правните стандарди, правната практика, правната наука или судиското право. Секогаш е можно при пресудување на конкретен предмет да се појави правна празнина, во таков случај судот е должен да го реши предметот, при што се ползуваат различните методи за пополнување на правната празнина само за конкретниот случај. Но, судот, во секој случај мора да пронајде начин за конкретната праведна одлука, користејќи се, како што е наведено, со правна аналогија, правни стандарди, дури со т.н. судиско право кога судијата сам заклучува кој и какво право треба да примени во конкретниот случај. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, 55 гласале, од нив 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо министер.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Ставот 1 на членот 11 гласи:

"Судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите".

Ние предлагаме ставот 1 да гласи:

"Судиите ги решаваат предметите непристрасно во согласност со нивната оценка на фактите и нивното толкување на законот".

Текстот на ставот 1 на членот 11 е нецелосен, нејасен и спротивен на општите начела за независност на судството и универзалната декларација. Судијата е тој кој одлучува во конкретен случај и тоа врз основа на оценка на фактите и врз основа на сфаќањето и толкувањето на општата правна норма.

Поимот "слободна оцена на доказите" е многу потесен од поимот "оценка на фактите" што го предлагаме ние, а "примена на законот" не ја дава ширината и овластувањето на судијата сам во своето сфаќање и разбирање да го протолкува и примени законот на конкретниот случај.

Од тие причини бараме поддршка и за овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо министер.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Морам да појаснам дека делов, еве и од овие амандмани што не ги прифатив, апсолутно не коинцидираат со основните постулати во сферата на судството кај нас, значи не само со овој закон туку и другите закони што се веќе важечки, посебно во сферата на процедуралното право.

Конкретно, кога сме кај овој амандман, морам да појаснам, наспроти она што го кажа пратеникот Бонева дека судиите, значи во судот кога донесуваат одлука, ги утврдуваат фактите врз основа на доказите што ги изведуваат. Тие може да ги оценуваат докажите, но фактите се утврдуваат. Затоа, не може да правиме вакви забуни што се факти а што се докази и за оваа материја постојат стандарди во правото. Ние мора да се придржуваме кон тоа што веќе го имаме во делот на постојните закони, што е дел и од меѓународната пракса. Значи, да појаснам, се утврдуваат факти врз основа на докажите. Токму затоа не можам да го прифатам амандманот.

**Слободан Најдовски:** Б лагодарам.

Има збор пратеникот Витановски Јанаќе.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Сакам да истакнам тотално не е во согласност со Уставот на Република Македонија од следниве причини:

Сосема е во ред членот 11, точката 1, каде се вели дека судијата одлучува непристрасно, со примена на законот, врз основа на слободна оценка на доказите. Колешката предлага судиите да ги толкуваат законите.

Судија не може да толкува закон. Се знае кој толкува закон. Судиите ги применуваат законите. Заради тоа овој амандман воопшто не е во согласност со Уставот на Република Македонија и во ред е тоа што министерот за правда не го прифати. Судиите го применуваат законот, а не го толкуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Само за појаснување, терминот "примена на законот" не ја дава ширината и овластувањето на судијата по свое сфаќање и разбирање да го протолкува и примени законот. Судијата мора да го протолкува тоа што го чита па да го примени. Значи да го разбере и да го примени законот за конкретниот случај.

Оттаму бараме овој амандман да биде прифатен, бидејќи за овој амандман имаме добиено согласност од повеќе судии на Уставниот суд на Република Македонија и на Врховниот суд. Значи, тоа е толкување на луѓе кои практично се занимаваат со применаата на законите во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Витановски, вие барате збор за реплика?

Ќе добиете збор за реплика, но прво има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска - Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Во законите не треба да ги мешаме оние одредби што се од процедурален карактер со оние што се во Законот за судови, што ја регулираат организацијата на судството, бидејќи во постојните процедурални закони има одредби каде што е пропишано дека судијата донесува одлука врз основа на слободно судиско убедување, ценејќи го секој факт поединечно, сите факти заедно. Токму затоа во законот ги имаме овие пропишани решенија. Значи, мора да бидат сите закони конзистентни едни на други и точно се знае во кои закони која материја на каков начин треба да биде регулирана.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Витановски Јанаќе.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Не ми треба толку време.

Колешката не е правник, затоа и е далечна оваа материја, не ги разбира добро работите.

Толку, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

Во 15,00 часот молам да бидат присутни сите за да гласаме сите веднаш за амандманот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,54 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи нема пријавени за збор по амандманот, претресот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 54 гласале, 5 за амандманот, 1 воздржан и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда .

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Членот 11 став 2 вели: " Се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект".

Ние предлагаме со овој амандман да се додаде "било какво влијание или обид за влијание врз судијата ќе се казни".

Одредбата од став 2 од член 11 обезбедува независност на судијата од влијание врз неговата независност и непристраност, меѓутоа не го има во вид обидот за влијание, не обезбедува . . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓа Бонева .

Ги молам пратениците две минути стрпете се, не излегувајте, седите.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Понуденото решение од членот 11 став 2 не обезбедува казнување на секој што ќе стори или ќе се обиде да стори било што со цел да влијае на непристрасноста на судиите.

Меѓународните акти бараат секое влијание и секој обид за влијание да биде казниво дело и затоа оваа одредба треба да даде налог на кривичното законодавство да го санкционира влијанието или обидот за влијание. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Овој амандман не го прифатив од причина што оваа материја е предмет на регулирање на Кривичниот законик во член 375 стои дека тој што суди е судија поротник, јавен обвинител, јавен правобранител или нивни заменик со сила или со сериозна закана ќе го присили нешто да стори, да не стори или да трпи ќе се казни со парична казна, или со казна до 3 години и понатаму на втор, трет и четврт став на делото", така што ова не може тука да се регулира.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 58 гласале, од кои 9 за, нема воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе..

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев повелете, имате збор.

**Ефтим Манев:** Поднесениот амандман на членот 12 сметам дека го подобрува текстот и ја појаснува состојбата токму со тоа што укажува до каде што е застаното во точката 1. Вели "работата во судовите по правило се врши во специјализирани дуски оддели".

Амандманот е,.после тоа се додава запирка и се додава "каде постои таква можност".

Во Република Македонија имаме приличен број судови кои се прилично мали судови, некаде до 10 судии и во тие судови е многу тешко да се направат такви оддели, дали граѓански или кривичен и има судови каде што еден судија дури суди и граѓанска и кривична материја. Од тие причини сметам дека правилото кое што е наведено дека по правило треба да се работи во специјализирани оддели, тоа го подобрува тој дел таму каде што не може тоа да стои дека може и поинаку.

Тоа е тој амандман и воопшто не му смета на предлагачот една таква одредба која многу повеќе го објаснува текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни 62 пратеници, гласале 58, 8 за, еден воздржан и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи никој нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно 62 присутни, од кои 55 гласале, 6 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска Георгиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 55 гласале, 7 за, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 ста 4 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев, повелете имате збор.

**Ефтим Манев:** И овој амандман кој што е поднесен на членот 13 став 4, се однесува за подобрување на текстот од правна гледна точка, а тоа, вика судските одлуки се задолжителнни за сите правни и физички лица, и овде се става точка, останатиот дел кај што пишува , има поголема сила во однос на одлукитена кој и да е друг орган се бришат. Сметам дека не можат да постојат две одлуки за иста работа , поготово ако е од некој управен орган што може тоа да се подразбере во вториот дел тоа што треба да се избрише. Ако се донесе судска одлука, со самата судска одлука се укинува таквата одлука. Неможе да постојат две судски одлуки од два различни органи, и тоа како што е од судот и од други органи.

На истата околност укажува и ставот 5 во истиот член каде што стои "секој е должен да ја почитува правосилната и извршна судска одлука под закана на законски санкции".

Сметам дека тој дел што предлагам да се брише е непотребен. Ги повикувам пратениците со една поголема одговорност спрема законот да размислиме потрезвено дека на нас ни требаат далеку почисти и појасни закони кои што ќе владеат во Република Македонија како закон на судовите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 8 за, нема воздржани, и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Бидејќи не е прифатен амандманот, нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 58 гласале, 8 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрс по амандманот на член 14 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на ставовите 1, 2 и 3 поднесен од

пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓо Младеновска имате збор.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Во членот 18, во ставот 1 од Законот се вели дека судот поднесува иницијатива за поведување на постапка за оценување на согласноста на законот со Уставот кога во постапката ќе се постави прашање за негова согласност со Уставот, за што ги известува непосредно повисокиот и Врховниот суд на Република Македонија.

Ставот 2 вели дека кога смета законот што треба да се примени во конкретниот случај не е во согласност со Уставот ќе ја прекине постапката до донесување на одлука на Уставен суд, и

Став 3, против одлуката со која се запира постапката странката има право на жалба и постапката по жалба е итна.

Ние предлагаме да се бришат овие три става бидејќи судот неможе институционално со конкретна судска одлука за запирање на постапката да ја оценува несогласноста на законот со Уставот. Вакво овластување има само Уставниот суд.

Од друга страна се поставува прашањето како ќе постапи судот доколку во конкретниот случај Уставниот суд по поведената иницијатива согласно овие одредби најде дека законот не е во спротивност со Уставот, значи не е несогласен со Уставот, дали судот во тој случај ќе го примени законот за кој претходно нашол дека е несогласен со Уставот. Во таков случај ќе се појават две одлуки кои што противречат една на друга за согласноста односно несогласноста на законот со Уставот, онаа на Уставниот суд и одлуката на судот кој повел иницијатива пред Уставниот суд.

Од тие причини бараме ставовите 1, 2 и 3 да се бришат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе,

Колешката Бонева наведе една многу интересна правна дилема во конкретниот случај бидејќи станува збор за амандман кој се однесува на три става. Јас во кратки црти ќе го образложам моето видување на законот.

Првиот став дека судот поднесува иницијатива за поведување на постапка за оценување на согласност на законот со Уставот произлегува од една практична примена на законите што ја вршат во рамките на својот делокруг на работата самите судови.

Доволно е и мислам дека колешката правилно ќе ме разбере, само да се потсетиме на одредбите на Кривичниот законик и одредбите што ги донесовме токму овој состав на Собранието во поглед на примена на паричната казна изразена во глоби, па ќе видиме на какви сериозни потешкотии наидуваат самите судови во вршењето на својата функција. Тоа е една работа.

Второ, на судот никој не му ограничува право да поведува иницијативи пред Уставниот суд, а новина во оваа одредба или во овој член е токму во ставот 2 "со запирање на постапката". Тоа е сосема во ред, добро е што странката има право на жалба во конкретниот случај, меѓутоа се наметна дилемата од страна на колешката Бонева што во таков случај доколку Уставниот суд оцени дека законот е во согласност со Уставот. Едноставно се донесува ново решение со кое продолжува постапката.

Сметам дека оваа одредба навистина е една голема иновација што ни ја предлага Министерството за правда и во целост треба да ја поддржиме особено што сведоци сме дека во последно време и Уставниот суд од своја страна поведува односно донесува одредени решенија кои наидуваат на големи противречности и контрадикторности и потешкотии во самото спроведување.

Повторно, за да бидеам појасен тоа ќе го споредам со членот 38-д, кој беше поништен и кој се одензува ретроактивно на сите оние лица кои се повикале по тој член. Врховниот суд на Република Македонија дури сега зазема став како тоа да се примени во практиката.

Значи, станува збор за една многу чиста одредба која произлегува од практичната примена на законите во рамките на самите судови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, 55 гласале, 10 за амандманот, нема воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на став 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Членот 18 ставот 5 вели: "Судот во конкретните случаи непосредно ќе ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права на Меѓународниот казнен суд или на друг суд чија што надлежност ја признава Република Македонија ако одлуката е подобна за извршување". Мислење на правните експерти за ова решение кое што го нуди ставот 5 од членот 18 е дека конечните извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права не се пропис и не се извор на правото да можат да го задолжат судот и непосредно да ги применува. Впрочем, одлуките на Европскиот суд не се непосредно применливи во судската постапка. Доколку се мислело на тоа дека одлуките на Европскиот суд за човекови права имаат некое влијание во постапката пред нашите судови, тоа прашање може да се реши и се решава во процесните закони преку институтот повторување на постапката или друг процесен институт. Еднакво, како и за одлуките на Меѓународниот казнен суд или друг меѓународен суд. Од тие причини бараме ставот 5 на членот 18 да се брише. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 53 пратеници гласале, 10 за, нема воздржани, 43 пратеници се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 5 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓа министер.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Манев, повелете.

**Ефтим Манев:** По однос на тоа што го зборуваше колешката Бонева, останувам при тој дел, со тоа што во конкретниот случај нашиот суд може да применува извршување на судски одлуки на Европскиот суд кои се однесуваат за кривични дела, осудени лица со правосилни одлуки, доколку се наоѓа на територијата на Република Македонија, таквата пресуда, таквата казна да биде извршена на наша територија. Сметам дека непотребен е зборот "конечни", бидејќи секоја пресуда која е конечна или е правосилна, истовремено таа станува и извршна. Сметам дека "конечни" не треба да стои и мислам дека треба предлагачот да го прифати ваков каков што го предлагам амандманот, кој ќе биде многу пореален и порационален при извршувањето на таквите одлуки во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 55 гласале, 11 за, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Ставот 2 на членот 19 зборува за тоа дека судот од повисок степен може да бара од судот со понизок степен од своето подрачје податоци во врска со примена на законите, проблемите кои се јавуваат во судењето, следењето и воедначувањето на судската практика, одолжување на постапката по одделни предмети и други податоци, а може да изврши и друг увид во работата на тие судови, како и да одржува заеднички состаноци, заради разгледување на наведените прашања. Сметаме дека обврската на понискиот суд да му дава известување и податоци за примена на законите за проблемите што се јавуваат во текот на постапката, податоци за одолговлечување на постапката по одделни предмети, за вршење увид во работата на пониските судови, се дејствија со кои што повисокиот суд го загрозува независното постапување на пониският суд и независноста на судиите. За ова зборувавме и во претходната фаза од разгледувањето на законот и укажавме дека со тоа се гази на независноста на судот,на пониският суд, но гледаме дека и во оваа фаза овој член останува. Сметаме дека е беспредметна содржината на ставот 3 од членот 19 понатаму, бидејќи не е можно да не се влијае на независноста и самостојноста на пониският суд кога пониският суд е должен да дава такви податоци на повисокиот суд. Од тие причини предлагаме да се избрише ставот 2 на членот 19. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 51 пратеник гласале, 6 за амандманот, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Во членот 20 став 2 се вели дека "судот е должен да ја чува од неовластено откривање класифицирана информација со соодветен степен на тајност утврдена согласно закон, прибавена од други државни органи или правни лица". Сметаме дека судот како институција не може ниту овластено, ниту неовластено да чува класифицирани информации со соодветен степен на тајност. Судот не може ни да чува, ниту да открива таква информација. Потврда на ова наоѓаме и во содржината на член 94 од овој закон во кој што е речено дека "должноста да се чуваат информации од неовластено откривање е упатена на судиите, судиите поротници, вишите судски советници и т.н." . Од тие причини бараме да биде прифатен овој амандман и да се брише ставот 2 на член 20. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 55 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Амандманот на член 20 став 3 се однесува за следното, најпрво, да биде појасно ќе го прочитам ставот 3, каде што се вели дека "по барање на државен орган, судот укажува правна помош и доставува списи потребни за водење на постапката ако со тоа не се попречува неговата самостојност и независност". Независноста на судската власт и на судот значи право на управување со предметите во судот, поради тоа обврската на судот да достави судски списи на државен орган е недопустлива. Исклучиво право е на судот тој да одлучи дали има услови да ги доставува списите на друг државен орган или да го одбие таквото барање. Доколку ова право не му биде обезбедено на судот, тогаш директно се загрозува неговата независност. Од тие причини предлагаме ставот 3 на членот 20 да се брише.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова, имате збор. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас сакам само кратка реплика по однос на образложението на колешката за амандманот. Сметам дека овој амандман воопшто не е неоправдан, затоа што не може независноста на судовите, како и самостојноста на судовите да ја сфаќаме сама за себе, за што таа постои во функција и интерес на заштита на правата на граѓаните. А, правата на граѓаните се остваруваат и во управна постапка, каде што голем број од предметите во управна постапка, односно нивниот конечен исход зависи често пати и од судски предмети и од судски одлуки. Затоа, токму оваа одредба од ставот 3 на членот 20 од овој закон е предвидена во функција на остварување на правата на граѓаните, како во судската, така и во управната постапка.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски, повелете, имате збор.

**Илија Китановски:** Во функција на образложение и на оправданоста од постоење на ваков амандман е и самото решение во став 3 во членот 20 каде што реченицата завршува односно ќе го прочитам целиот став 3. "По барање на државен орган судот укажува правна помош и доставува списи потребни за водење на постапката, ако со тоа не се попречува неговата самостојност и независност". Е, се попречува неговата самостојност и независност ако со акт на државен орган или со одредба во законот му наложиме на судот дека по барање на државен орган ќе мора да достави списи за одреден предмет.

Уште една дилема тука постои, во која постапка кој орган утврдува дека се попречува или не се попречува самостојноста и независноста на судот, бидејќи тоа е изворно решение предложено во членот 20 во став 3 од страна на предлагачот.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Иванова, имате една минута реплика.

**Цветанка Иванова:** Дали се попречува самостојноста и независноста на судот ќе си одлучи самиот суд односно Судскиот совет или судијата, зависи кој го води односно во кој состав

се води предметот. Но, дали ако одреден факт кој што е докажан во судската постапка ќе значи непопречување на самостојноста и независноста на судството, доколку тој факт докажан во судската постапка е неопходно потребен во управната постапка за остварување на некое право на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема никој пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 55 гласале, 5 за, 2 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски, кои се точки 25 и 26 во списокот на амандманите по кои Собранието ќе води претрес, се идентични.

Од овие причини по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и по амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски, повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Сметам дека овој амандман треба да се образложи, од причина што добивме предлог за формирање на нов апелационен суд со седиште во Гостивар кој што треба да зафати дел од месната надлежност на постојните апелациони судови.

Она што требаше да го добиеме како пратеници, тоа е пред се, кој е мотивот за формирањето на нов апелационен суд на подрачјето на Република Македонија, значи нов четврт апелационен суд, покрај постојните во Битола, Штип и Скопје. Ако мотивот е со цел да се обезбедат гласови од стрна на коалициониот партнер во Владата на Република Македонија, тогаш тоа треба јавно да се каже и да се потврди дека и сутските реформи се заложник на меѓупартиските условувања, а не заложник за целта која што треба да биде постигната, а тоа е вистинско и ефикасно, независно и непристрасно судство. Меѓутоа, ние мораме амандмански да реагираме на овој предлог, затоа што не можеме да прифатиме да се носат вакви исклучително важни закони, кои се однесуваат на реформите во судството, а во одредбите кои значат решение на овие прашања да се вметнуваат чисто политички решенија. Навистина, јас не можам да разберам како со формирањето на нов апелационен суд се постигнува зголемена ефикасност на апелационите судови. Затоа што формирањето на нов апелацинен суд, претпоставува претходна анализа на работењето и ефикасноста на постоењето на апелациони судови, потоа можностите на кој начин ќе биде реализирано екипирањето на новиот апелационен суд, или ова треба да претставува нешто слично, како што претставуваше формирањето, или легализирањето на таканаречениот малоречански универзитет.

Сметам дека овој дел кој се однесува на реформите во судството, не треба да тргнува од политичките интереси на партиите на власт, односно на партиите во опозиција, туку треба да тргнува од интересите за реализација на вистински реформи во судството кои што ќе значат зголемена ефикасност во работењето пред се на судството и второ, создавање на можност судиите самостојнот, независно без притисоци, или со што помал препис, да можат да ги решаваат предметите кои им се дадени на решавање.

Она што недостига овде е аргументацијата и јас тука навистина, би сакал да ја слушнам аргурментацијата од страна на Владата за едно вакво решение.

Од друга страна, факт е дека, не е тука заменик министерот, бидејќи заменик министер во Министерството за правда не постои, меѓутоа, факт е дека овие судски реформи требаше да се направат како една заокружена целина, со која ќе добијат еден краен резултат, кој што ќе значи оптимален број на апелациони судови, оптимален број на судии, оптимален број на просторни можности, технички можности за функционирање на судството и создавање на услови, кои што беа почнати со прифаќањето на уставните амандмани, со кои што оваа реформа во правосудството нема да се сведе само на пренасочувањето на изборот и разрешувањето на судиите од Собранието, како највисок законодавен дом во Државниот судски совет, туку тоа ќе значи вистинска контрола на работењето на судиите и нивното постапување согласно Уставот, законите и меѓународно ратификуваните договори од страна на ова Собрание.

Затоа, јас тука морам да истаканам дека ова што се предлага сега нема никаква врска со судските реформи. Ова е  резултат на некаков политички договор кој што е склучен веројатно, помеѓу ДУИ и СДСМ и претставува континуитет на штетните решенија кои што многу пати досега сме ги виделе како резултат на овие политички преговарања помеѓу овие две политички партии. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава Слободан Најдовски, потптретседател на Собранието на Република Македонија )

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика има пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Овој разговор ќе го почнам со една латинска реченица, која вели вака: "Никој не може да се повика во заштита без аргументи, или без факти". Како секогаш, колегата Блаже Стојаноски и овој пат говорејќи за оваа законска одредба, со која се предвидува основање на Апелационен суд во Гостивар, говореше паушално, не аргументирајќи ништо во неговиот говор. Колку за ваша информација, овде пред мене имам статистички податоци, кои велат вака: Апелациониот суд во периодот од 1 јануари, до 31 декември 2005 година, по бројот на предмети, во својот состав има 23.230 предмети. Апелациониот суд во Штип има 8.100 предмети. Што ќе направиме сега со оваа територијална надлежност што и ја даваме на апелациониот суд за намалување на предметите на Апелациониот суд во Скопје, а и бројот на предмети во Апелациониот суд во Гостивар ќе биде 21.970, додека со оваа територијална надлежност што ја има Апелациониот суд во Штип, бројот на предмети ќе биде 21.825 предмети. Значи, најнапред преку основањето на еден Апелационен суд во Гостивар како нов апелационен суд е создаден еден дисбаланс меѓу трите апелациони судови, тој во Битола, Штип и Гостиварскиот.

Второ, ќе успееме да го намалиме бројот на предмети во апелациониот суд во Скопје со што сигурно ќе ја постигне ефикасноста нормално имајќи го предвид намалувањето на бројот на предмети во Апелациониот суд во Скопје. Вака стојат работите почитуван колега.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ова значи дека Апелациониот суд во Штип ќе има повторно 8.100 предмети. Значи ништо нема да се менува во однос на ослободувањето на бројот на предмети по кои што постапува. Апелациониот суд во Битола исто така ќе има онолков број на предмети, колку што имал и досега, а велите дека од 23.230, колку што имал Апелациониот суд во Скопје 21.970, ќе бидат пренасочени во Апелациониот суд во Гостивар.

Ако е така, се поставува прашањето, која е тогаш логиката за постоење на Апелационен суд во Скопје за решавање на илјада предмети. Значи, вие немате концепт кој што може да ги презентира вашите аргуменити во поглед на создавање на апелационен суд.

И уште едно прашање. Како го најдовте Гостивар, зошто не Тетово, зошто не Кичево. Кои се критериумите за формирање на овој апелационен суд.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, амандманот кој што го доставуваме е на членот 24 став 2 и предлагаме градот Гостивар, како седиште на апелационите судови да се брише.

Според одредбата што се предлага, со членот 24 став 2 за седиште на апелациони судови се предлагаат Битола, Госитвар, Скопје и Штип. Според оваа одредба и одредбата од точка 2 на ставот 1 од членот 29, Апелациониот суд во Гостивар се основа за подрачјата на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

Севкупниот поглед на досегашната работа на апелационите судови во Република Македонија, востановени со законот од 1995 година, покажува дека мрежата на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип, била и е сосема задоволителна, за ефикасно функционирање на судството. Апелационите судови се ажурни, така што редовно се справуваа со целогодишниот прилив на предмети, кои што ги решаваат и скоро да нема заостанати што се пренесуваат во следната година. Ниеден повод од организациската поставеност не упатува на потребата од формирање на нов апелационен суд во Гостивар. Особено е непродуктивно да се основа апелациски суд на подрачјата на основните судови во Гостивара, Тетово, Кичево и Дебар, бедејќи таквиот суд само ќе ја оптовари судската мрежа, а ни по број на предмети, ни по било каква рационална смисла ќе има оправдување.

Впрочем, ова го покажува и образложението што го дава предлагачот кон предлог законот за судовите, во кое што се вели: во делот од законот, што ја регулира организациската поставеност на апелационите судови, решенијата се идентични со постојниот закон, така што се предвидува и понатаму да постојат три апелациони судови и тоа во Скопје, Битола и Штип. Значи, тоа е во образложението за носење на ваквите одредби во законот кои што очигледоно не кореспондираат со предлогот кој што се дава за формирање на апелационен суд во Гостивар.

Намерата на предлагачот, според образложението значи едно, а според текстот на законот е сосема друго. Одовде заклучуваме дека предложеното решение за основање на Апелационен суд во Гостивар, не е изведено од потребата за рационална организација на судството, туку дека се работи за дневно политичка потреба, која што нема оправдување во уставната поставеност во судството.

Од тие причини, бараме да се поддржи амандманот со бришење на седиштето, за основање на нов апелационен суд во Гостивар. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Ејуп Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине потпретседателе, од говорот што го слушнав од колешката Бонева, ме натера да направам една реплика и да поставам едно прашање. Јас многу жалам што секогаш кога се предлага нешто за доброто на сите граѓани на Република Македонија, секогаш се мисли дека има некоја

лоша позадина, што претставува застарен менталитет и треба сите ние да го отфрлиме тој менталитет што го имаме. Сите сме сведоци дека се говори за тоа дека судскиот систем не е продуктивен во Република Македонија. Никогаш не гледаме како да го решиме овој проблем, иако сите говориме за тоа. Кога имаме некој предлог, како што е законот за судовите во кој се предлага да се основа апелационен суд, од друга страна ние сме тука сведоци дека сме се определиле и сме донеле Закон за просторно планирање, каде што е планирано за идните 25 години и каде што е предвидено за макрорегионите, со што треба сите да знаеме дека сме гласале за тоа и никој не бил против тоа. Значи, сме имале макрорегион во Тетово, Битола и Штип и врз основа на што тоа повлекува и основање на други институции, зависно од бројот на жителите кои што живеат во овие региони. И доколку видиме дека меѓу Тетово и Гостивар, Кичево и Дебар имаме речиси една четвртина од жителите на Република Македонија, или една третина на граѓаните на Република Македонија, сега не би сакал да навлегувам во број и статистика, ќе видиме дека е задолжително да имаме апелационен суд, со што ќе ги имаме поблиску институциите до граѓаните. Поради оваа причина, бидејќи ги имаме и предметите кои што се во Апелациониот суд во Скопје, тогаш нема ништо лошо да се предложи да се основа апелационен суд во Гоствар.

Сега, јас ќе ја прашам госпоѓа Бонева: Што ви смета да има апелационен суд во Гостивар? Очекувам одговор.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе, почитуваниот колега Рустеми оправданоста за формирање на нов апелационен суд во Гостивар, ја наоѓам во просторниот план за развивање на макрорегионите, како што кажа тој. Јас тврдам дека нема ништо лошо во тоа што тој ја застапува таа теза, меѓутоа, аргуменитите ние ги наоѓаме во прегледите, во кои што јасно се кажува кој е бројот на заостанати нерешени предмети кај апелционите судови. На пример, во граѓанискиот оддел, целта ни е да направиме реформи кои што нема да го оптоварат дополнително судството. Токму од тие причини, значи тргнувајќи од прегледите, тргнувајќи од бројките, се гледа дека нема потреба од основање на нов апелациски суд. Нема да биде никакво растоварување по број на предмети, туку ќе биде дополнително товарење на судството, со формирање на нов апелационен суд.

**Слободан Најдовски:** Има збoрт пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, како предлагач на овој амандман, должен сум да кажам неколку збора, зошто го предлагам овој амандман.

Почитувани колеги, дозволете ми, можеби ќе бидам малку поопширен, за да бидам и поаргуменитиран, затоа го образложувам овој амандман. Ќе морам да спомнам дека Предлогот на законот за судовите, како втора фаза, на истиот му претходеше прва фаза, за која што овде дебатиравме и дадовме една поддршка во смисла на тоа дека ни се потребни реформи во судството, но реформи кои нивистина, ќе значат растоварување на судството, односно ефикасност и поголема стручност во самата работа на судството. Да не ве потсетувам дека во таа прва фаза се нудеа некои решенија, меѓу кои виши судови итн, кои што денеска не ги гледам. Денеска основниот концепт на овој Предлог на закон е сосема различен и сосема спротивен од оној што го имавме во првата фаза.

Во првата фаза ние како Собрание дебатиравме за забелешките. Во меѓувреме не постоеше некоја сериозна јавна расправа, особено не за еден ваков текст, каде што ќе елаборираме дали на Република Македонија и се потребни три или четири апелациони судови. Не е прашањето почитувани колеги, дали на Република Македонија и е потребен апелационен суд во Гостивар, или тоа ќе биде во Тетово, или можеби во Крива Паланка, но битно е и основно е, дали воопшто се потребени повеќе апелациони судови на подрачјето на Република Македонија од овие три постоечки кои денеска ги имаме. Да не заборавиме ги имаме на подрачјето на Штип, Битола и Скопје.

Ако сега ја погледнете суштината на проблемот, не од она што ние го кажуваме како опозиција, туку земете ги само образложенијата што ги кажуваше Владата од почетокот. Значи, ќе почнеме од стратегијата на Владата за реформи во судството, ќе почнеме од Предлогот за донесување на закон во прва фаза, па ќе почнеме од мислењето на експертите итн, па до ден денешен со оваа расправа. Сите ќе видиме и на сите ќе ни биде јасно и сите сме еногласни, дека главната реформа или главниот проблем, не е во апелационите судови, туку е во основните судови. Каде се предметите најмногубројни, каде се предметите најмалку решени. Значи, огромен процент одпаѓа на прекршочните постапки. Тоа е факт. Со она што се предлага за прекршоците можеби ќе има некое решение. Но, да не ги занемариме сите други проблеми кои што се јавуваат во рамките на основните судови. Проблемот е како да ги растовариме основите судови од огромниот прилив на број на предмети, кои што сите основни судови ги имаат на тапет и треба да ги решаваат. Секојдневно, тој број се зголемува и секојдневно се зголемува бројката на нерешени предмети, или на предмети кои што останале во фиока, или пак не насрочени, или пресудени, но не правосилни итн.

Во основните судови ни се случува проблем, каде што одредени предмети стојат со години итн. Или пак, апелационите судови ги вратиле итн. Меѓутоа, ако ја согледате улогата на апелационите судови, судови кои постапуваат по жалби, ќе видете дека проблемот не е кај апелационите судови. Во еден најголем дел, во

висок процент апелационите судови успеале да го решат. Сега некој како колегата Аднан Јашари ќе излезе со бројка, па ќе каже дека според ваквата надлежност, која што сега овој закон ја нуди, на Гостивар ќе му припаднат 8.000 предмети, на Скопје по оваа логика ќе му останат 7.000, на Штип ќе му дојде 6.000, сега без врска зборувам, но ќе биде така. И дека сега е решен проблемот со тоа што наместо во Апелациониот суд во Скопје да имаме 15.000 предмети, ние ќе ги разделиме, со тоа што на Гостивар ќе му дадеме 7 или 8 илјади предмети. Не е тука проблемот господине Јашари. Погледнете колку предмети има во Основниот суд во Гостивар, погледнете колку предмети има во Основниот суд Скопје 1 и Скопје 2 колку предмети дошле, колку од нив се насрочени, колку од нив се реализирани односно решени. Тука е проблемот.

Дали ќе бидат осум илјади во Гостсивар или не, тоа е сосема друг проблем. Меѓутоа, заборавате еден друг проблем, аргументот на Владата, преетпоставувам, бидејќи не го прочитав образложението, зошто не се формираат виши судови е заради тоа што таквото формирање на вишите судови ќе предизвикало додатни трошоци, значи со самото формирање на таквите судови ќе ви беше потребна администрацијата, судство итн. итн. и можеби тоа ќе го зголемеше трошокот односно Буџетот на расходната страна во Република Македонија .

И, ако е тоа така, еве, да веруваме дека е така, тогаш не ја гледам логиката зошто ни е потребен ушете еден суд плус, апелационен суд на ниво на Гостивар? Тоа е едното прашање.

Второто прашање е зошто е избран баш Гостивар, зошто не е Тетово? Ако можевме универзитет да ви дадеме во Мала Речица, Универзитет за високо образование во Тетово, зошто пак сега апелационен суд во Гостивар. Нека биде се во Гостивар, да се знае дека е едно на друго. Не оди високо образование, Универзитет без апелационен суд. Или, можеби да не се лутат коалилционите партнери, па си ги поделивте градовите?!

Економска оправданост нема. Ниту пак оправданост во смисла на постоење од еден ваков апелационен суд на ниво на општина Гостивар. Оправданост име само во едно, па ако сме овде отворени и искрени тоа ќе го признаеме.

На политичката партија ДУИ, што го сочинува парламентарното мнозинство и е дел од Владата на Република Македонија, во рамките на реформите на судството ја интересира само неколку работи:

Прво, во колку членови од Законот за судови е применото Бадинтеровото мнозинство, потоа, дали судиите ќе се бираат со двотретинско мнозинство, при што аналогно на тоа ќе има примена Бадинтеровото мнозинство и, нормално се заситивте од основни судови, малку ви се претседатели на тие судови со Бадинтерово мнозинство, па ајде да направиме и апелационен суд за да ДУИ утре победи на избори, за да кажете ДПА тоа не го направи, ние направивме апелационен суд. Голема работа. А, таму ќе се бркате со осум илјади предмети и не ќе знаете што да работите од што имате многу работа?

По таа логика, јас, за жал не поднесов амандман, но се надевам дека Владата можеби ќе ме сосллуша и ќе ме оправда, по која логика, објаснете ми вие почитувани колеги од ДУИ, на Прилеп се земаат ингеренциите, дури и оние што ги имал како Суд? По која логика пак сега Гостивар да има апелационен суд а на Прилеп да му сеземе и дури основната надлежност, односно Основен суд со основна надлежност наместо специјализирана? По која логика? Што е Гостивар позаслужен од Прилеп? Има ли поквалитетни судии? Јас ќе ви кажам дека не е така. Има ли судии кои вредат да бидат судии на апелационен суд? Ќе ви кажам дека и тоа не е така.

Добро со сеќавам, во нашиот мандат кога бевме власт, кога не можевме да најдеме претседател на Основниот суд во Гостивар од албанска националност, затоа што не исполнуваше услови и мораше да се постави македонец, поради што се бунеа останатите колеги. Нели, според принципот на правична застапеност.

Според тоа, не е само да редиме институции, туку навистина, ако правиме, да направиме реформа. Начинот на кој што се прави оваа реформа, основните судови ги оставивме такви какви што се, направивме основна надлежност и специјализирана надлежност, проширена надлежност, се е некаква надлежност, одделенија вакви или такви, но суштински е голем проблем, проблем, е затоа што таквиот концепт не е непознат, таквиот концепт, според мое длабоко убедување сега функционира. Резултати нема. Резултати сега, ама нема.

Апелационите судови, според мене, требаше да останат толку колку што се на број, три, затоа што тие си ја завршија својата работа. Ајде, според таквата логика, зошто да не формираме и врховен суд во Тетово, еве нека не е Гостивар. Па, дајте, еднаш да ја одбележиме таа територија, затоа што ако го видите сега и Законот за полиција и ред други закони што следат, ние не правиме судови, ние правиме некаква си покраина таму, што сака да ни продава автономија. И сега, единствено што ни фалеше, фалеше апелационен суд. И, не знам уште што друго.

Јас, да сум како колегите тетовчани, независно дали се од ДУИ или од друга партија, не би го гласал ова. Зошто? Прво треба да се буни зошто Гостивар, по која логика Гостивар? Гостивар, нема ама баш никаква оправданост. Од сите овие причини. А, можам да дебатирам ако сакате уште. Со аргументи. Ова не е паушално, како што кажа некој.

Апсолутна оправданост од постоење апелационен суд во Гостивар нема. Ова е само задоволување на апетите на ДУИ. А, ако го

читате текстот понатаму и иако го гледате понатаму Законот за судски совет ќе видите дека така се поставени мајсторски сите оние нивни барања за да на некој начин ве условуваат, бидејќи е со двотретинско мнозинско. Ама, заборавате почитувани колеги дека двотретинско мнозинство треба од македонскиот дел, од оваа страна. Да не ви биде џабе.

Заради, да не ви биде џабе, прифатете го овој амандман, Гостивар не заслужува да има апелационен суд, од многу причини, покрај овие што ги кажав. Бидете задоволни. Ништо на Скопје нема да му фали и со овие предмети што ги има, мислам на Апелациониот суд. Ништо нема да му фали. Ќе ги реши сите, онака како што и до сега ги решава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Јашари, се јавувате за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе,

Најнапред, зошто Гостивар а не Тетово?

Колегата Караџоски сигурно знае што е територијална надлежност, а токму тоа беше причината зошто Гостивар а не Тетово и никаква друга цел нема позади ова. Од аспект на територијална надлежност Гостивар го опфаќа Тетово, Дебар и Кичево.

На пример, Штип, од неговата територијална надлежност во себе ги опфаќа Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе и Струмица. Видете ја географската позиција на Штип со оваа надлежност и споредете ја со Гостивар со оваа територијална надлежност.

Второ, расправате за бројот на предмети во основните судови. Ќе ги споредам овие два суда, Гостивар како Основен суд, Тетово, Дебар, Кичево, од аспект на бројот на предмети се: 21.970 предмети е бројот на предметите во овие четири основни судови. Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Штип 20.825 предмети. Јас не знам какви други аргументи сакате господине Караџоски. Аргументи, како што велат Латините, засновани на таканареченото презункција де јуре. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Јашари.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Би сакала да кажам неколку зборови во поддршка на поднесениот амандман од моите колеги, за што гласам за, и мислам дека е сосема оправдан и треба Парламентот да го прифати. Од кои причини?

Не ми е јасно зошто се зголемува бројот на апелационите судови и при тоа, да кажам, воопшто не е битно каде е лоциран судот. Кога ова го зборувам не зборувам дали е тој лоциран во Гостивар, во некој друг град, туку говорам за број. До сега имавме три апелациони судови, сега четири. Апелационите судови се судови кои одлучуваат по жалба.

Кога пристапивме на реформи во судството, воопшто, во ниту една дебата, не беше посочено дека апелационите судови се слаба алка во судството. Беа посочувани како судови што најдобро си ја вршат својата работа. Тежиштето беше на основните судови, она што го кажа колегата Караџоски.

Зошто сега го зголемуваме бројот на судовите кои до сега покажаа ефикасност во работењето. Нема никаква оправданост ниту од економска страна, ниту од системската поставеност на судот да го зголемиме бројот на оние судови кои до сега ефикасно ја вршеле работата. Реформите пред се беа за да го реформираме судството и да го ослободиме од политика, да постигнеме деполитизација на судството и да ја зголеммиме неговата ефикасност. Ефикасноста ја зголемуваме со симнување на прекршоците од надлежност на судовите, значи поголемиот дел на прекршоците од надлежност на судска, на други органи, а за апелационите судови воопшто не станувaше збор дека е потребна било каква реформа во овие три судови.

Сега, зголемувајќи го бројот, ние го прошируваме бројот на судовите, тоа значи повеќе судии, повеќе пари, за нешто за што немаме потреба да го правиме. Нема никаква оправданост. За мене, за жал, освен политика ваквото решение нема друго.

Ако навистина е точна тезата дека само политиката е прижина за основање на четврт апелационен суд во Македонија, тогаш ние не сме се ниту приближиле до деполитизација на судството. Од една страна со тргањето на изборот, начинот на избор и разрешување на судиите сакаме да постигнеме деполитизација, ние со ова политиката ја внесуваме на друго место и на друга страна. Тогаш, уште во старт ги загрозуваме реформите, што сакаме да бидат добри, добро изведени за да овозможиме ефикасно и деполитизирано судство. Со решение од политичка природа, таквото нешто нема да го постигнеме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Јашари се јавувате за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Јашари Аднан.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Накратко, господине потпретседател, од причина што и колешката речи си ништо не кажа, би сакал да нагласам.

Во Стратегијата за реформи, изготвена од Владата на Република Македонија, меѓу другото, мислам на реформи во правосудниот систем, во еден нејзин дел се вели вака: - пораст на ефикасноста, за да може да порасне ефикасноста во судските органи задолжително

да се создадат предуслови, предиспозиции за намалување на бројот на предметите.

Оваа насока, почитувана колешке судскиот систем во себе не опфаќа само основни судови, туку и судови од втор степен и Врховен суд. Бројот на предметите во Врховниот суд, вака како што е сега, е во дизбаланс. Односот е 3:1 во прилог на Апелациониот суд во Скопје.

Според измениве што се прават сега, преку основање на апелационен суд, ќе го постигнеме спротивниот ефект, да се намали бројот на предметите во Апелациониот суд Скопје и преку тоа ќе се создаде еден балан или рамнотежа меѓу овие четири апелациони судови кои ќе функционираат во иднина. Со ова, ве уверувам, ќе се зголеми и ефикасноста.

Накратко, пораст, всушност намалување на бројот на предметите во Апелациониот суд и зголемување на ефикасноста во Апелациониот суд во Скопје, а нормално и во другите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Една минута контра реплика пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Дизбалансот за кој што сака да не убеди колегата Јашари, никогаш не бил спомнувам се до оваа последна фаза. И, нема никаков дизбаланс, бидејќи Апелациониот суд во Скопје, според бројот на судиите е димензиониран онака како што наложува бројот на предметите. Нема дизбаланс.

Баш ме чуди како сега го открија дизбалансот во последната фаза од донесувањето на законот, а во претходните фази воопшто не беше спомнато основање на нов апелационен суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Не сакам по втор пат да должам, но едно прашање што овде многу пати се истакнува во парламентот, се случуваше и пред неполни десетина дена, колку пари се потребни за да се овозможи создавање на апелационен суд, зборувам од просторен аспект, опременост и плати за вработените во тој суд, а истовремено во поглед на она што значи проценка за годишна работа на тој суд. Дали некој има излезено со ваква проценка, како аргумент и дали ова ќе значи дека со формирањето на еден ваков суд, претходно ќе се решат сите проблеми што ги имаат судовите во поглед на исплата на долгови по основ на поштенски давачки, по основ на телефони, електрична енергија итн., сето она што претставува сегашен долг на сите судови во Република Македонија, па потоа ќе се пристапи кон нови средства за реализација за една ваква идеја што сега се предлага со овој закон или пак се вели дека ние сакаме апелационен суд и не не интересира од каде ќе најдете пари, тоа мора да го направите.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Една дилема почитуван потпртседателе, тоа што го наметна колегата Јашари.

Кога веќе ја спомна Стратегијата за судскиот систем, Јавното обвинителство, пенетенцијалниот систем, Јавното правобранителство, адвокатурате и нотаријатот, донесена во 2004 година има на страна 15 "Зголемување на ефикасноста на судовите" и јас ќе цитирам еден дел. "За надминување на проблемите (тоа се однесува на заостатокот на предмети од прекршочните, управните спорови, извршните граѓански предмети), неопходни се измени во однос на организацијата и надлежноста на судовите". Па, под а) е дадено востановување на двоен систем на првостепена надлежност, со воведување на виши судови кои ќе имаат надлежност да постапуваат по предметите од областа на организираниот криминал и потешките кривични дела, граѓански спорови над определена вредност, и по стопанските спорови. Ова, како дел од Сратегијата беше предвидено во првата фаза, односно во Предлогот за донесување на закон за судовите и тогаш постоеше како алтернатива формирање на виши судови за следните подрачја: Виш суд во Скопје и Тетово, за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје. Виш суд во Битола, за подрачјето на Апелациониот суд во Битола. Виш суд во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип. Ова беше предвидено како алтернатива.

Со доаѓањето на втората фаза во овој законодавен дом, она што беше предвидено или она што го читав пред малку во Стратегијата, за реформа во правосудниот систем, едноставно, како со гумичка беше избришано. Значи доаѓа, дека пробен балон беше вишиот суд во Тетово, да види како ќе реагираат и колегите пратеници од опозицијата, но и од јавноста, во оправданоста за формирање на овие виши судови. Во вторава фаза веќе имаме формирање на апелациониот суд во Гостивар.

Потполно се согласувам со дилемата што ја наметнува колегата Блаже Стојаноски, во однос на просторните можности, кадровските можности на идниот апелационен суд што би се формирал, доколку овој амандман не биде поддржан од страна на позиционите партии.

Уште еднаш сакам да размислам дека ова решение предложено од Владата нема реална основа. Тоа е само еден, ќе повторам, политички договор помеѓу едни од или инсистирање од старна на едни од носителите на власта во Република Македонија и после образованието, после територијалната организација, сега

културно ја одбележуваме теријторијата и си правиме и апелационен суд во Гостивар. Но, апелациониот суд, почитувани колеги да ве потсетам, решава по жалби на одлуките во основните судови. А, таму имаме веќе четири основни судови што се предложени во ова решение: Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар. Четири основни судови.

Тоа значи дека се враќаме на првото, дека проблемот е во решавањето на спорoвите во првата постапка, во основните судови. Не е решението и реформата во формирање апелационен суд на таа територија. Тогаш имаме дисфункционалност помеѓу решавањето или работењето на основните судови за подрачјето што се предлагаат да се формира овој апелационен суд. А, не се малку. Како што кажа колегата, бројот на предметите што доаѓаат од тоа подрачје. Значи, тука имаме проблем во основните судови.

И, наместо таму, како што таа Стратегија, ако сеуште Владата стои на таа стратегија и ако не ретерирала во ставот, дека Стратегијата е пишувана 2004 година, па сега се изменија условите, па продолжуваме на друг начин, и таму се вели дека главната реформа требаше да биде во формирање на специјализирани одделенија за организиран криминал итн. итн., каде би се олеснила работата во основните судови. Не е решение формирање на апелационен суд во Гостивар за територијата на овие четири основни судови.

Апелациониот суд во Скопје е надлежен не само за Гостивар, Тетово, досегашниот Апелационен суд, туку и за другите кои потпаѓаат под тоа подрачје. И сега, соломонско решение или "бисер Балкански", предлагаме формирање нов апелационен суд - Гостивар, без никаков аргумент, барем од страна на Владата и претставникот на Владата.

Која е причината, прво за ретерирање во ставот за постоење на виши судови и основаноста за постоење на апелационен суд во Гостивар? Затоа ги повикувам колегите од позицијата да гласаат за амандманот предложен од колегата Караџоски. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманите.

Пред да преминеме на гласањето ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Благодарам.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 8 за амандманите, еден воздржан 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски и амандманот на член 24 став 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 25 поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Господине Караџоски, барате збор процедурално?

Повелете, процедурално има збор господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Од името на пратеничката група барам еден час пауза.

(Џагор во салата).

Момент, ќе добиете пауза, само да извршиме консултација, други. Момент.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Повторете го барањето господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Претседателе,

Само поради тоа што сакам да ви завршам работа, инаку нема потреба да повторувам, во името на пратеничката група побарав еден час пауза.

Сакате ли да ви дадам и образложение зошто? Мислам дека нема потреба.

**Љупчо Јордановски:** Не, нема потреба.

Имате еден час пауза.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Да ве известам, а за тоа сте известени и со телелграма и телефонски дека утре продолжуваме со 128-та седница, да ги завршиме законите во врска со изборот, Законот за државни службеници и Кривичниот закон, а потоа продолжуваме со оваа седница.

Благодарам, се гледаме утре во 11,00 часот.

(Седницата со работа заврши во 16,48 минути)